ЦЕНТАР ЗА СИМУЛАЦИИ ВО КОД | ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ВО ЕВРОПСКА УНИЈА | „RAFAL“ | „SPYDER“

# ШТИТ

Број 99
Јануари 2017
50 денари
ISSN 1857-6710

МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



# Со поголем буџет и со нови сили во Новата 2018 година




# Со поголем буџет и со
# сили во Новата 2018 г

Буџетот за одбраната за 2018 година изнесува 6,4 милијарди денари што претставува зголемување за 15%, процент. Со буџетот за 2018 година, државата после 8 години им посветува вистинско внимание на Министерството и пред сè на Армијата на Република Македонија. „И Владата на Република Македонија и јас како министер се обврзавме дека ќе обезбедиме средства за зголемување на платите за сите оние кои се во служба на АРМ во износ од 10%. Покажавме дека стоиме зад зборот и дека одлуката да се зголемат платите за целокупниот армиски состав е резултат на нашата политичка проценка дека е навистина неприфатливо Република Македонија да ги има најниските плати во Армијата, во регионот. Сметавме дека ова не е прашање на луксуз, не е прашање на привилегија, туку прашање на чест и на должност на Владата да ѝ покаже на Армијата дека е тука и кога е потребна помош“, истакна министерката на прес-конференцијата по тој повод. Министерката најави дека во предвидените средства за плати е обезбеден и одреден износ со кој што ќе се подмлади и пополни бројноста на АРМ и најави дека во 2018 година планирано е да бидат примени нови 375 професионални војници и околу 50 офицери. Во однос на другите ставки на буџетот за 2018 министерката се осврна на клучните зголемувања во буџетот како парите за поддршка на процесот за прием на Македонија во НАТО и парите за поправки и сервисирање на опремата, како и подобрувањето на условите за работа во армиските




објекти. Зголемување има и за набавка на чизми, униформи, резервни делови и опрема, како и за подобрување на борбената готовност на Армијата преку купување на нова опрема. „Буџетот за 2018 година најавува радикална промена на ставот кон одбраната и покажува дека Владата континуирано ќе вложува во стандардот, во условите и во опременоста на Армијата кое ќе продолжи сè до исполнување на НАТО очекувањата за издвојување на 2% од бруто-домашниот производ. Зголемувањето на буџетот е уште еден начин да покажеме дека сме многу сериозни во исполнување на нашата стратешка цел – членството во НАТО. Оваа цел е поврзана и со нашата намера да го забрзаме економскиот раст, да обезбедиме повеќе и подобри работни места со тоа што ќе дадеме политички аргумент на сите домашни и странски инвеститори дека Македонија е безбедна држава во која вреди да се инвестира“, заклучи министерката Шекеринска на прес-конференцијата.







# содржина

ШТИТ ▌ година X ▌ број 99 ▌ јануари 2018

**Инфо** 5

Интервју
**Предраг Бошковиќ, министер за одбрана на Црна Гора** 8

На прва линија
**Дали сме безбедни – 16 години по 11 септември** 14

24 часа
**Улогата и значењето на првите и главните подофицери во Армијата на Република Македонија** 20

Едукација
**Рефлексивна контрола** 24

Едукација
**Хеликоптерски самити во Полска** 28

Вооружување
**„Rafal“** 32

Вооружување
**„Olifant“ Африканскиот „Sledge Hammer Mk1B“** 34

Вооружување
**„SPYDER“ Израелски ракетен систем** 38

Вооружување
**„Bump Stock“ Адаптер за автоматски оган** 42

Глобал
**Заштита и спасување во Европска унија** 44

Низ историјата
**Берлинскиот ѕид 1961 - 1989 година** 50

Низ историјата на АРМ
**Генерал-потполковник Методи Стамболиски** 54

Филм
**„Фалсификатори“** 56

# За добар почеток

2018 година е година на големите очекувања за Република Македонија. Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија и во оваа година треба уште еднаш да покажат и да докажат дека се главниот промотор и репер за тоа како се работи и како се постигнуваат резултати за кои се добиваат пофалби и дома и надвор од границите на државата. Сумирајќи го сработеното во текот на изминатите четврт век од формирањето на АРМ, можеме со гордост да кажеме дека македонскиот воин успеа да создаде специфичен и препознатлив бренд на високомотивиран професионалец, кој знае да се бори, кој ги знае сите тактики и техники на современото војување, но кој има и широк дијапазон на теоретски знаења и вештини со кои се докажува и во рамките на сопствената држава, но и ширум светот. Годините наназад изобилуваа со многу успеси, пофалби и признанија за нашите припадници. Да се потсетиме само на успесите на нашите припадници кои уште од 2002 започнаа со придонес во меѓународните мировни мисии. На, тимовите од нашите „Волци“, кои учествуваа во мировната мисија „Слобода за Ирак“, и кои уште на самиот почеток беа препознаени како врвно обучени и посветени специјалци, кои сите мисии ги извршуваат беспрекорно, а во почетниот период вршеа и обука во специјални вештини за припадниците на американската армија. Тука е и придонесот во мисијата ИСАФ, со широк дијапазон на активности во кои беа вклучени македонските припадници, а секако најзначајно е учеството во мисијата „Феникс“, како една од поспецифичните и поризичните, во која заедно со американските припадници ги бранеа американската амбасада и штабот на НАТО при нападот во 2011, и каде покажаа врвна борбена подготвеност и сите беа одликувани. Па преку сите меѓународни вежби и активности до пофалбите и признанијата за нашите офицери и кадети на полето на теоријата и знаењето.
За крај, за добар почеток на оваа 2018 година ќе ја цитирам министерката за одбрана Радмила Шекеринска, која по повод прогласувањето на потпоручникот Милош Трендевски за најдобар студент во интернационална класа на Кралската воена академија „Сендхрст“ истакна „Денеска беше чест да се биде граѓанин на Република Македонија на оваа церемонија, и да се види дека од сите офицери и други земји кои учествуваа на оваа престижна Академија, токму припадникот на АРМ, граѓанин на Република Македонија, беше избран за најдобар студент. Тоа покажува дека кога сме спремни да се вложиме, ваквите големи резултати се возможни. Голема е честа за Министерството за одбрана и за Република Македонија да го добиеме ваквото признание за наш припадник, меѓутоа ова покажува дека мора да продолжиме да вложуваме во нашиот офицерски кадар и Армијата“.
Успехот на овој млад офицер на Армијата на Република Македонија нека ни биде поттик повеќе за периодот што претстои и во годината што е пред нас нека се валоризира секој вложен напор и нека се остварат сите зацртани проекции и цели на нашата армија и на нашата држава во целост.

д-р Жанет Ристоска




ШТИТ
е магазин на Министерството за одбрана на Република Македонија

Излегува од печат еднаш во месецот

Издавач
Министерство за одбрана на Република Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
**Радмила Шекеринска**

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:

Билјана Иванова
(корица)
Умит Реџепи
(техничко уредување),
Митко Василевски
(новинар),
Кристина Илиевска
(новинар),
Ксенија Митева
(лектор);
Александар Атанасов
(фотографии)

Печати:
„ДАТАПОНС“
Скопје

Цената на еден примерок е 50 денари
Годишна претплата 600 денари

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје, Република Македонија

Телефони: 02 3128 276
www.morm.gov.mk; E-mail: stit@morm.gov.mk

жиро с-ка 05001001 1678720
(повикување на број: 725939-10)
даночен број: 4030990271748
TC 100000000063095





## Велика Британија со поддршка за членство на Македонија во НАТО

Министерката за одбрана Радмила Шекеринска оствари неколкудневна работна посета на Велика Британија. Во рамките на посетата во британското Министерство за одбрана, се сретна со секретарот за одбрана на Обединетото Кралство, Гавин Вилијамсон. На средбата министерката се заблагодари за британската поддршка за членство на Македонија во НАТО, како и за поддршката од британските експерти за изработка на Стратегискиот одбранбен преглед, кој е клучен документ за развој на Министерството и Армијата. „Членството во НАТО е клучно за стабилноста на Република Македонија и на регионот. Поканата за членство на Република Македонија во НАТО би испратила позитивна порака во регионот дека доброто владеење носи резултати. Се надевам на можност за заеднички вежби како што беше „Драгун Гардијан“ со Соединетите Американски Држави изминатото лето“, истакна Шекеринска. Секретарот за одбрана Гавин Вилијамсон порача дека одбранбените односи помеѓу двете земји се на највисоко ниво и дека Британија ќе продолжи да ги поддржува реформите и развојот во одбраната, особено преку програмите за образование и обука кои се достапни за македонските воени и цивилни лица. Тој ја повтори британската поддршка за евроатлантските интеграции на Македонија, додавајќи дека вратите на Обединетото Кралство секогаш ќе бидат отворени за Република Македонија. Вилијамсон потенцираше дека е важно да се интегрираат државите и да не се оставаат изолирани, бидејќи изолираноста може да доведе до нестабилност. Британскиот секретар за одбрана, Вилијамсон на средбата со министерката Шекеринска, истакна дека членството на Црна Гора во НАТО беше позитивен сигнал и даде добар импулс за натамошните НАТО-интеграции во регионот.

## Средба со британскиот министер за Европа и Америка

Во рамките на посетата на Велика Британија министерката за одбрана го посети и Министерството за надворешни работи и Комонвелт, каде оствари средба со министерот за Европа и Америка, сер Алан Данкан. На средбата со министерот, инаку добар познавач на состојбите во Македонија, министерката се заблагодари за континуираната британска поддршка во имплементацијата на реформските евроатлантски процеси. „Работиме на суштински внатрешни реформи како и на подобрување на односите со соседите. Тоа се сложени процеси, кои бараат политичка волја, време, но и постојана поддршка од нашите сојузници'', рече министерката. Министерот Данкан истакна дека Велика Британија продолжува да ја поддржува Република Македонија во нејзината интеграција во НАТО и Европската унија, напомнувајќи дека Самитот за Западен Балкан што ќе се одржи во 2018 во Обединетото Кралство претставува одлична можност да се покаже напредокот на Македонија во повеќе области. Додаде дека е свесен дека сите промени не можат да се случат одеднаш, но важно е да постои континуиран и одржлив напредок.





## „Интернационален меч“ за македонски дипломец

Министерката за одбрана Радмила Шекеринска присуствуваше на традиционалната церемонијална парада на дипломците на Кралската воена академија „Сендхрст“, каде дипломецот од Република Македонија, Милош Трендевски, беше прогласен за најдобар од сите меѓународни студенти. Милош Трендевски доби признание од принцот Хари кој му врачи „Интернационален меч“ за највисоките резултати при школувањето на „Сендхрст“. „Почестена сум што присуствував на традиционалната церемонијална парада на дипломците на Кралската воена академија „Сендхрст“, каде Република Македонија може да се пофали и гордо да каже дека нашиот питомец, Милош Трендевски, не само што дипломира на оваа престижна воена академија туку е прогласен за најдобар студент од сите меѓународни студенти во класата. Република Македонија и нејзината Армија се добри онолку колку што се добри нејзините војници, нејзините подофицери, нејзините офицери. Затоа ќе продолжиме да инвестираме во знаењата, во обуките, во можностите за дообразование во и надвор од Македонија. И на овој начин, со овие успеси, докажуваме дека нашата Армија може да се носи со армиите на земјите-членки на НАТО, и дека местото на Македонија е во НАТО. Тоа е нашата стратешка цел, за чие остварување ни се потребни пријатели, поддржувачи. И, нив тука во Британија ги имаме на највисоко ниво“, порача министерката Шекеринска.



## Началникот на ГШ на АРМ во посета на Одделот за мировни операции на ООН

Началникот на ГШ на АРМ генерал-потполковник Методија Величковски престојуваше во работна посета на Соединетите Американски Држави. Во рамките на посетата оствари работна посета на Одделот за мировни операции на Организацијата на Обединети нации (ООН) и постојаната мисија на Р. Македонија во ООН. За време на престојот во Њујорк делегацијата на АРМ имаше средба со највисокиот советник на постојаната мисија на Франција во ООН, бригадниот генерал Тиери Лион на која се разговараше околу долгогодишното искуство кое Франција ги има во мировните операции. Потоа генералот Величковски оствари работни состаноци со потсекретарот за мировни операции при ООН, Жан Пјер Лакроа и со воениот советник при Одделот за мировни операции генерал потполковник Карлос Лоитеи. На разговорите беа опфатени повеќе прашања поврзани со мировните мисии предводени од ООН од аспект на воениот дел од ангажирањата, како и придонесот на овие операции кон зголемување на глобалната безбедност и светскиот мир. Генералот Величковски во разговорите пред високите претставници на ООН ги истакна стекнатите искуства во меѓународно окружување, стратегиските определби и придонесот кон глобалниот мир кој го дава Република Македонија со учеството на единици на АРМ во мировните мисии предводени од НАТО и ЕУ но и со десетгодишното учество со свој претставник во мисијата на ООН, „Унифил“ во Либан. Претходно во постојаната мисија на Р. Македонија во ООН, НГШ се сретна и со амбасадорот, Василие Андоновски со цел запознавање со динамиката и работата на македонската мисија во рамките на ООН.

## Поддршка од фондацијата „Херитиџ“

Делегацијата на АРМ предводена од НГШ на АРМ, генерал-потполковник Методија Величковски во рамки на работната посета на Соединетите Американски Држави оствари посета на фондацијата „Херитиџ“. Притоа делегацијата придружувана од одбранбеното аташе на САД за Р.Македонија, полковник Тимоти Бјукен, оствари средба со господинот Лук Кофи, директор на центарот во фондацијата за надворешна политика „Даглас и Сара Алисон“. Генералот Величковски за време на разговорите со директорот, се осврна на актуелните безбедносните предизвици во регионот, како и за искуствата на АРМ во доменот на меѓународните операции предводени од страна на НАТО. Директорот Кофи, кој е докажан поддржувач за влез на Република Македонија во евроатлантските структури истакна дека Македонија треба да го искористи овој позитивен развој на настаните за што поскоро интегрирање на нашата земја во НАТО алијансата за што ја има безрезервната поддршка од фондацијата. Имајќи го во предвид влијанието на фондацијата „Херитиџ“ кое досега го имала во донесувањето на значајни одлуки кај политичкото водство на САД, искажаниот став во моментот има свое значење.






## НАТО-конференцијата на началници на трансформација

НГШ на АРМ Методија Величковски учествуваше на НАТО-конференцијата на началници на трансформација, која се одржува во седиштето на Врховната команда на НАТО сојузничките сили за трансформација во Норфолк, Вирџинија, САД. На Конференцијата која се одржува под мотото: „Подготви се за утрешнината, сподели ја иднината“ воведни излагања имаа заменик генералниот секретар на НАТО, Росе Готемоелер и врховниот командант на НАТО за трансформација, генерал Денис Мерсиер, Целта на Конференцијата беше преку продлабочување и унапредување на меѓусебните врски и споделување на иновативни решенија на учесниците, да се подобри и ефикасноста на трансформациските процеси на НАТО и партнерските армии. Значењето на оваа конференција го потврдува и големиот број на учесници на високи раководни функции од сите 29 земји членки на НАТО алијансата, партнерските нации, командата на НАТО за трансформација, како и претставници од воената индустрија.



## Обраќање на НГШ пред конгресмени на САД

Генерал-потполковник Методија Величковски се обрати пред конгресмените од Сојузните Држави на САД: Мичиген, Вермонт, Пенсилванија, Охајо, Индијана и Мисисипи. Тој говореше за напорите кои Р. Македонија ги прави во полето на одбраната за полноправно членство во евроатлантските структури, безбедносните предизвици во регионот, како и важноста на поддршката во ова поле која ја овозможува стратегиското партнерство со САД. Пред претставниците на Конгресот беше претставена состојбата во безбедносната сфера во Република Македонија и земјите од регионот. По обраќањето во текот на средбата со конгресмените се разговараше за позитивните резултати од досегашната долгогодишна соработка на АРМ со Вооружените сили на САД, преку партнерската програма за соработка која Р.Македонија ја има со Националната Гарда на Вермонт. Притоа од страна на конгресмените беше истакната континуираната поддршка на САД, во зајакнување на одбранбените капацитети и зголемување на борбената готовност со цел постигнување на потполна интероперабилност на АРМ со армиите земјите-членки на НАТО. За време на посетата делегацијата на АРМ, оствари и неколку издвоени состаноци со конгресмените на кои се разговарало за потребата од понатамошна поддршка на Р. Македонија и АРМ во остварување на аспирациите за полноправно членство на Р. Македонија во НАТО Алијансата.

## Министерката Шекеринска на Берлинскиот форум за надворешна политика

Министерката за одбрана Радмила Шекеринска учествуваше на Форумот за надворешна политика, во Берлин, посветен на иднината на Европа и релациите со Русија и Кина. Форумот го отвори министерот за надворешни работи на СР Германија, Сигмар Габриел. На панелот „Линии на одбрана – обезбедување на Европа и нејзиното соседство“, говореа министерката Шекеринска, поранешниот генерален секретар на НАТО Андерс Фог Расмунсен, претседателот на Советот на федералниот комитет за надворешни работи на Руската Федерација Константин Косачев и пратеникот Микаел Георг Линк. Министерката Шекеринска во рамките на дискусијата за европската безбедност и одбрана се осврна на безбедносните предизвици на Македонија, на регионот, но и состојбата во Украина и можностите за нејзино решавање, користејќи ги научените лекции на Балканот. Таа потенцираше дека целосна сигурност и просперитет во Регионот се можни само доколку сите земји-аспиранти за членство во НАТО ја достигнат својата цел – полноправно членство во Алијансата.
Во Берлин, министерката за одбрана оствари средба со Ралф Брауксипе, парламентарен државен секретар во МО на Германија, со Ларс Клингбеил од Парламентарната комисија за одбрана во германскиот Бундестаг, со Мајкл Рот, парламентарен државен секретар за европски работи во германското МНР и со Курт Бек, претседател на фондацијата Фридрих-Еберт-Стифтунг.




## Заменик-министерот Максути на Самитот на европска политика во Брисел

Заменик-министерот за одбрана на Р. Македонија, Беким Максути, во Брисел, учествуваше на годишниот Самит на европска политика ко-организиран од тинк-тенк организацијата „Пријатели на Европа“, фондацијата „Конрад-Аденауер-Стифтунг“ и Програмата за развој на ОН, а поддржан од Европската комисија и Советот за регионална соработка. На Самитот оваа година учествуваше и Кристијан Даниелсон, генерален директор на Европската комисија за соседска политика и проширување. Самитот оваа година беше на тема „Западниот Балкан на крстопат – Нови предизвици, променлива динамика“, а дискусиите беа во насока на поставувањето на Западниот Балкан сè повисоко на европската агенда, предизвиците со кои се соочуваат земјите од регионот во делот на безбедноста, економијата и потребните реформи. Самитот беше поделен на неколку сесии посветени на мирот, демократијата и помирувањето, но и на зголемувањето на можностите за бизнисите и потребата од продолжување на реформските процеси. На самитот се разговараше и за локалните самоуправи и потребата од нивно вклучување во реформските процеси. На маргините на Самитот, заменик-министерот Максути кусо разговараше со Хојт Ји, заменик-помошник државен секретар во Бирото за европски и евроазиски работи во Стејт департментот на САД и со Ендрју Плит, виш советник за развој во Европската команда на САД.





# Интервју со **Предраг Бошковиќ**, министер за одбрана на Црна Гора

**Црна Гора е 29. земја-членка на НАТО. Кои беа најголемите предизвици кои вашата земја требаше да ги совлада на патот кон НАТО?**

Црна Гора својот пат кон Алијансата го трасираше низ сериозни реформски промени, што беше долготраен процес во кој многу се бараше. Реформите успешно ги завршивме, пред сè благодарејќи на посветеноста на надлежните институции со поддршка и совети од сите наши сојузници во рамките на Акциониот план за членство во НАТО (МАП). Еден од првите предизвици на тој пат беше да се засили довербата на граѓаните на Црна Гора во НАТО. Владата на Црна Гора во тој дел донесе Комуникациска стартегија и формираше комуникациски тим во склоп на истата. Исто така требаше да се направи и целосна реформа на системот на одбраната и Војската на Црна Гора. Суштината на тие реформи беше премин од концептот на национална на концептот на колективна безбедност каков што применува Алијансата. Реформскиот пат опфаќаше низа промени и политички и економски, одбранбено-воени и во безбедносна смисла, кои на крај доведоа до силна парламентарна демократија, владеење на правото, силна државна управа и ориентација на државата Црна Гора кон пазарната економија. Одбранбено-воените прашања во рамките на реформскиот процес подразбираа и примена на НАТО стандарди и достигнување на потребното ниво на интероперабилност на единиците на Војската на Црна Гора. Исто така, Црна Гора воспостави сигурна комуникација со НАТО со цел – безбедна размена на каласифицирани податоци. Кога се ресурсите во прашање, Црна Гора







обезбеди одржливо финансирање на системот на одбраната и во иднина ќе продолжи да го исполнува нивото на преземени обврски, како полноправна членка на НАТО.

**Кој беше придонесот на Министерството за одбрана и Војската на Црна Гора за прием на земјата во НАТО. Што беше направено на полето на одбраната и кои се императивите на членството за наредниот период?**
Придонесот на секторот одбрана за пристапување на Црна Гора во НАТО беше исклучително важен. МО и ВЦГ операционализираа низа политички одлуки од евроатлантската агенда и низ конкретни активности тоа и го потврдија. Во тој контекст, посебно би ја нагласил модернизацијата на Војската на Црна Гора, достигнувањето на НАТО стандардите, потребното ниво на интероперабилност на единиците на црногорската војска декларирани за НАТО операции и мисии. Сето наведено беше од клучно значење за активен придонес на Црна Гора во системот на колективна безбедност. Сакам да потсетам дека Црна Гора даде конкретен придонес во операциите и мисиите за поддршка на мирот, вклучувајќи ги и мисиите водени од НАТО, ИСАФ, и „Одлучна поддршка“ во Авганистан. На тој начин Црна Гора јасно покажа дека е спремна и одлучна заедно со своите сојузуници и партнери да даде активен придонес во меѓународниот мир. Успешниот ангажман на црногорските војници во наведените мисии и операции придонесе за создавање на кредибилен имиџ на Црна Гора во меѓународната заедница. Во наредниот период Црна Гора ќе се труди да изврши целосна интеграција во политичката и воената структура на НАТО и како кредибилна членка да обезбеди доволно средства за одбраната во согласност со прифатените обврски. Кога е во прашање Западен Балкан, неговата целосна стабилизација останува императив. Црна Гора во согласност со тој императив ќе продолжи да учествува во рамките на сите безбедносни иницијативи, но и како членка на Алијансата ќе продолжи да ја промовира политиката на „Отворени врати“ за сите земји и региони кои имаат тенденција кон членство, како најсигурна рамка за стабилноста и просперитетната иднина.

**Црна Гора и Македонија негуваат повеќегодишна плодна соработка и пријателство. Црна Гора, по препорака на НАТО, ја избра Македонија за земја лидер и модел во спроведувањето на реформите. На што конкретно се однесува соработката?**
Односот на нашите две држави претставува пример во регионот. Регионалното поврзување е од немерлив значај за европската перспектива. Заедничкото учество на Црна Гора и Република Македонија како партнери во рамките на Јадранската повелба, Иницијативата на министрите на Југоисточна Европа и Центарот за безбедносна соработка, размената на искуства во процесот на изработка на стратегиската документација во областа на одбраната и изградбата на интегритетот, како и досегашната одлична билатерална соработка, се показатели за одлучноста на Црна Гора да го поддржи полноправното членство на Р. Македонија во НАТО. Наредната година Црна Гора го презема претседавањето со Јадранската повелба од Република Македонија. За пофалба се напорите и на двете земји да се унапреди регионалната





**за потребите на војската. Објаснете ни каков е моделот на школување за потребите на Војската на Црна Гора.**
Динамиката на глобалните промени на сите полиња, па и на полето на безбедноста, бара нови способности и современа обука, односно континуирано унапредување на професионалните знаења и компетенции, за на вистински начин да се одговори на сите предизвици кои тие ги носат. Препознавајќи го тоа, во основните црногорски одбранбени стратегиски документи, на ова прашање му се дава особено значење, меѓу останатото и дефинирањето на професионалниот развој како една од основните програмски области низ која се реализира управувањето со човечки ресурси. Наша цел е да произведеме високо професионални обучени поединци, низ планско насочување и

одбранбена соработка. Еден од најважните проекти во рамките на А5 претставува и заедничкото учество во мисијата „Одлучна поддршка“, со што заеднички ја унапредуваме инетроперабилноста на вооружените сили во регионот.

**Колку е значајна регионалната соработка на полето на одбраната за земјите од Регионот и како таа се реализира?**
Да се сочува сигурноста и безбедноста во регионот е секако приоритет, имајќи го предвид неговото турболентно минато. Само со заедничка ангажираност и соработка можеме да сочуваме поволен безбедносен амбиент и да придонесеме за кохезија на Западен Балкан. Регионалната одбранбена соработка највеќе се манифестира низ заедничкото учество во регионалните иницијативи, како што се А-5, RACVIAC, SEDM, DECI, ADRION и други, а ангажманот во нив претставува одлична платформа за развивање на регионалана соработка, засилување на регионалната стабилност, како и за пронаоѓање модалитети за одговор на глобалните безбедносни предизвици. Треба да се истакне дека сите проекти кои се започнати во рамки на регионалните иницијативи, значајно придонесоа за хармонизација на системот за безбедност, како и за унапредувањето на капацитетите и способностите на вооружените сили во регионот. Засилувањето на регионалната соработка во голема мера придонесува и за реализација на вежбите и обуката, како и учеството во меѓународните мисии и операции.

**Едукацијата е мошне значаен сегмент за напредок на државата. Високоедуциран и обучен персонал е императив на секоја современа армија. Црна Гора има свој специфичен модел на образование**





систематизирање на нивните знаења, способности и вештини, со актуелните и идните барања кои произлегуваат од воените служби. Во тој контекст, го промовираме и го применуваме концептот на усовршување и создаваме услови овие развојни можности да бидат достапни за сите. Посебна димензија на сето тоа дава пристапувањето на Црна Гора во НАТО. Нашите обврски како член на Алијансата подразбираат обезбедување на високо квалитетен професионален кадар. Креирањето на мотивиран, обучен и интероперабилен кадар е приоритет на Министерството за одбрана, се со цел исполнување на обврските на начин кој придонесува кон угледот на нашата држава.
За Црна Гора не е рационално да развива сопствени капацитети за

воено образование. Во досегашната практика прифатени се два модела на воено образование на офицери: образување кадети во странски воени академии по пат на билатерална воена соработка и стипендирање на студенти во високообразовните установи во Црна Гора за специјалностите на родовите и службите. За усовршување на офицерите на повисоките нивоа ( командно-штабно и генералшабно усовршување), исто така се применуваат модели на образование во странски воено-образовни установи, а за магистерските и докторските студии, на установите на високото образование во земјата. Подофицерите се бираат од редовите на војниците под договор, за кои се прави процена дека имаат лидерски способности. Овие војници завршуваат напреден војнички курс, а потоа следува основен подофицерски курс, после што се стекнуваат услови да бидат произведени во подофицери. Понатамошното усовршување на подофицерите се реализира преку : курс за лидери, напреден подофицерски курс во Високата подофицерска школа, со кој се стекнуваат услови за највисок подофицерски чин. Овие усовршувања се реализираат во Центарот за обука во Даниловград или со упатување во воено- образовни установи во некоја од партнерските армии и земји. Основната војничка обука за војниците под договор се реализира во Центарот за обука во Даниловград, а стручно-специјалистичката обука за вршење формациски должности, во единиците на Војската на Црна Гора.

**Кои се најзначајните проекции за билатерална соработка со Република Македонија?**
Остварената соработка помеѓу двете министерства и двете војски, посебно во областа на школувањето на црногорските кадети на Воената академија „ Генерал Михајло Апостолски“ во Скопје, како и обуката на пилотите во центрите за обука на пилоти на хеликоптери во Подгорица и Скопје, е нешто на што инсистираме. Соработката на овие полиња е исклучително корисна и нејзиното продолжување претставува заемен интерес. Црна Гора и Македонија продолжуваат активно да партиципираат во рамките на Јадранската повелба, односно засилувањето на регионалната соработка во доменот на одбраната, со фокус на засилување на капацитетите за учество во меѓународните мисии, развојните способности и унапредувањето на националните одбранбени капацитети и можностите за заедничка обука на припадниците на вооружените сили на сите земји од регионот.



**Заедно работевме и на Проектот за зајакнување на родовата рамноправност во секторот одбрана во земјите од Западен Балкан. Колку е значајна имплементацијата на родовата рамноправност во секторот одбрана како традиционално машки сектор и колку Црна Гора напредуваше на ова поле?**
Учеството на жените во вооружените сили е значаен аспект на демократизација на општеството и почитувањето на човековите права. Едно од тие права е и правото на жените на достапност и избор на воената професија, по принципот на еднакви можности. Во мнозинството земји во светот, па и во Црна Гора, жените не се адекватно вклучени во вооружените сили, посебно од аспект на одлучување за употреба на вооружените сили, спречувањето и решавањето конфликти и контролата на одбранбените процеси.

Интеграцијата на родовата перспектива е наша обврска кон која озбилно пристапуваме. Во Војската на Црна Гора моментално имаме 9, 48% жени. Од тоа 39 се војници под договор, 19 подофицерки, 14 офицерки, а 104 од нив работат во својство на цивилни лица. На странските воени академии се школуваат 7 кадетки од Црна гора. До сега 6 припаднички учествувале во мировни мисии во Авганистан, а една подофицерка има учествувано во два контингента. На ниво на систем на одбрана имаме, 12, 89% жени.
Со усвојувањето на Националната стратегиска информативна рамка од областа на родовата рамноправност, се отвори пат за вклучување на жените во донесувањето на одлуки, за избор на лице кое се занимава со прашањата од сферата на родовата рамноправност и воведувањето на родовиот аспект во политиката и процедурите за управување со човечки





ресурси. Во согласност со стратегиските документи  кои се однесуваат на оваа област, имаме дефинирани правци на делување на МО - зголемување на застапеноста на жените во Војската на Црна Гора на командни должности и во мисиите и континуирано спроведување на националната политика на родова рамноправност во согласност со Резолуцијата 1325 на СБОН и другите прифатени регулативи. МО донесе цел сет од плански документи кои овозможуваат на жените да им се приближи службата во Војската. Во објавувањето на јавните огласи за прием во Војската и образованието на кадетите, се користи „позитивна реклама“, со повик да се пријавуваат жени, а во методологијата  на спроведување на процесите за селекција на кандидатите, наведено е доколку се лицата од различен пол и имаат исти број на бодови при проверката на способностите, предност да се дава на жените. Едукацијата за Резолуцијата 1325на СБОН  и сите последователни резолуции е воведена преку  Инструкциите за обука на Војската, во Програмата за сите припадници на ВЦГ, која ја спроведуваат 6 регионални тренери за родова рамноправност и воени операции на ВЦГ, како и експерти од владиниот и НГО секторот. Имплементирајќи ги НАТО политиките во областа на родовата рамноправност, ВЦГ доби родов советник на стратегиско ниво, кој има советодавна улога. Ќе ја спомeнеме и остварената регионална соработка во овој домен во рамките на СЕДМ, односно проектот „Жени-лидери во одбраната и безбедноста“, кој се базира на активна имплементација на Резолуцијата 1325 цел промовирање на улогата на жената во системот на одбраната и безбедноста на ЈИЕ.

**Црна Гора ја презеде обврската за плаќање членарина во НАТО. Колку оваа обврска го оптоварува буџетот?**
Црна Гора ги прифати сите права и обврски кои произлегуваат од членството. Една од тие обврски е и вложувањето во заедничкиот систем на одбраната и безбедноста. Во согласност со важечките НАТО финансиски формули, од ЦГ се очекува за потребите за членарина на годишно ниво да се издвојуваат околу 450 000 евра. Овој износ претставува 0, 027 % од вкупниот заеднички годишен НАТО буџет. Бенефитите од членството  одат далеку над  трошоците за членарина. Оваа членарина секој граѓанин на Црна Гора  на годишно ниво го чини 70 центи. Со пристапувањето во Алијансата, Црна Гора влезе во кругот на најразвиените демократии. Стабилното и безбедно





подрачје претставува добра основа за креирање на амбиент на правна и економска стабилност што претставува повик за странските инвеститори со повеќе внимание да вложуваат во нашата земја. Врзано токму со тоа во следниот период очекуваме поголем прилив на директни странски инвестиции, првенствено од земјите-членки на НАТО, што на нашата мала земја ќе ѝ  обезбеди општествен просперитет и репутација на инвестициска дестинација за сериозни, репрезентативни и  успешни компании и инвеститори од различни области. Покрај тоа, реално е да се очекуваат  и позитивни импликации за целиот регион на Западен Балкан, посебно во доменот на обезбедување долгорочна стабилност и создавање услови за  прифатен сеопшт просперитет.



**Кој е Вашиот став за прием на Република Македонија во НАТО?**
Како што веќе реков, Црна Гора заговара политика на отворени врати и ја дава целата неопходна политичка поддршки, како и експертска помош за Република Македонија во насока на нејзина целосна интеграција во НАТО. Несебично ќе дадеме целосна поддршка и помош. Сметаме дека членството на ЦГ во НАТО е најдобар показател дека спроведувањето на темелни реформи дава посакувани резултати. А, на регионот му се праќа порака дека вратите на НАТО се отворени. Покрај тоа, имајќи ја предвид и комплементарноста на процесите за влез во НАТО и ЕУ, свесни сме дека секој чекор постигнат на тој евроатлантски план, го скратува нашиот пат кон ЕУ. Сакам да изразам задоволство во врска со одлучноста на македонската Влада да ги заокружи сите преостанати отворени прашања на пат кон членството. На мислење сум дека интеграцијата на Западен Балкан нема прифатлива алтернатива, како и дека присуството на НАТО и ЕУ во регионот е многу важно, бидејќи на тој начин се праќа порака на домашната и странската јавност дека европската и евроатлантската перспектива на овие простори се единственото можно решение.

**Ваша наредна стратегиска цел е прием на Црна Гора во ЕУ. Што ѝ претстои на Црна Гора на патот кон ЕУ и дали може набргу да се очекува прием на земјата во ЕУ?**
Црна Гора посветено работи на исполнување на задачите кои произлегуваат од процесите на пристапување во ЕУ, и нас нѐ очекува продолжение на спроведувањето на реформите во сите области. Посебно ќе ги истакнеме мерките во правец на засилување на владеењето на правото, унапредувањето на економскиот сектор, земјоделието, обезбедувањето на стабилно финансиско опкружување, но исто така и зголемување на човечките капацитети, како подготовка за предизвиците кои членството во ЕУ ги нуди. Во таа смисла, Владата на Црна Гора, во Програмата за пристапување на Црна Гора во ЕУ 2017-2018, на стратегиски, сестран и прегледен начин го дефинираше обемот и динамиката на реформите кои се потребни за понатамошно прилагодување на правниот поредок на Црна Гора на ЕУ. Со овие документи се одредени задачи кои треба да се исполнат за да бидеме во што пократок рок, на национално ниво, подготвени за членство во ЕУ. Кога ЦГ ќе биде примена во ЕУ зависи од два фактори, еден се однесува на успешноста на спроведените реформи во ЦГ, а другиот на спремноста на ЕУ за проширување. Иако како реална временска рамка за членство на земјите од Западен Балкан е одредена 2025 година, се надеваме дека ЦГ и пред тој датум, во согласност со остварените резултати, ќе стане член на ЕУ.

д-р Жанет Ристоска





# ДАЛИ СМЕ БЕЗБЕДНИ – 16 години по 11 септември

Иранската револуција во 1979 година, го постави верскиот екстремизам во центарот на вниманието на современиот свет, а и денес не работи со намалено темпо во споредба со времето кога беше заземена амбасадата на САД во Техеран, од ноември 1979 година до јануари 1981 година, држејќи заложници 444 дена. Талибанците кои обезбедија безбедно засолниште на „Ал каеда“ за подготовка на нападите на 11 септември, денес повторно се закануваат дека ќе ја преземат контролата во Авганистан. „Ал каеда“ сè уште постои и се шири ни целиот свет.
И покрај тоа што калифатот на „Исламска Држава“ во Сирија и Ирак најверојатно нема да опстои многу долго, земјите во Северна Африка и на Блискиот Исток се дестабилизирани или се распаѓаат. Сирија и Ирак одамна не егзистираат функционално, а Либија, Сомалија и Јемен се во хаос. Пакистан, нестабилна држава која поседува нуклеарно оружје, лесно може да потпадне под контрола на екстремистите. Терористичката закана е дополнета со пролиферација на нуклеарното оружје. Претседателот на САД Доналд Трамп во неколку наврати изјави дека пролиферација на нуклеарно оружје и материјали и тероризмот се егзистенцијални закани за САД и нејзините сојузници. Пакистан има многу нуклеарно оружје, а програмата на Иран продолжува непречено. Северна Кореја го спроведе својот шести нуклеарен тест, а нејзините балистички проектили се близу до можноста да ги погодат целите континентални цели на западните сојузници.
Очигледно е дека во минатото, западните сојузници ги игнорираа

Минатата година се одбележа 16-годишнината од нападите на „Ал Каеда“ на 11 септември во САД. Тој трагичен ден, на кој имаше огромни човечки и материјални загуби ќе биде посебна лекција по часовите за изучување на тероризмот. Милитантната исламистичка идеологија која се манифестираше на тој ден, до денес ниту се повлече, ниту стана умерена. Не стивна ниту омразата против Западот и намерата за спроведување на терористички напади





| | |
|---|---|
| ОПАСНОСТ | Опасен феномен, супстанција, човечка активност или состојба што може да предизвика губење на живот, повреда или други влијанија врз здравјето, имотна штета, загуба на средствата за егзистенција и услуги, општествено и економско нарушување или штета врз животната средина. |
| РИЗИК | Комбинација од повеќе меѓусебно зависни фактори кои влијаат на веројатноста, одредена опасност да прерасне во несреќа или катастрофа и да се реализираат нејзините негативни последици. |
| ЗАКАНА | Несакан, намерен и ненамерен настан, кој може да предизвика повреда врз одреден субјект. Заканата, најчесто, ја користи ранливоста на оној кон кој е насочена. Таа може да се дефинира и како секоја перцепција на несигурност (секоја форма на опасност) и како ризик (можност од потенцијална повреда). |

сериозните безбедносни анализи и ги потценуваа овие растечки закани. Резултат на тоа се терористичките напади низ цела Европа и Америка и неможноста да се препознае заканата што ја поттикна Европа да прифати огромен прилив на економски мигранти од регионот МЕНА, чиј број вклучуваше илјадници потенцијални веќе обучени терористи.
И сега да го поставиме најчесто поставуваното прашањето поврзано со тероризмот, дали сме безбедни? Можеби ова е најпоставуваното прашање, но подобар одговор ќе добиеме доколку претходно започнеме со прашањето колку сме безбедни?
При проценување на заканата од тероризам, често доаѓаме до заклучокот дека одредувањето на степенот на опасноста и можноста за предизвикување штета се толку сензитивни, што во одредени случаи ќе претставува значителен напредокопасноста да се означи како „закана“.
Во период по 11 септември, достигнувањата на „Ал Каеда“ беа прилично скромни, дури и ако се има предвид дека е изолирана и под постојан притисок. Ако извршиме анализа на обидите на „Ал каеда“ за тероризам, ќе забележиме само два обиди: обидот за самоубиствен напад во авионски лет во 2001 година со поставен експлозив во чевли и обидот во 2006 година со течни бомби да се да се уништат трансатлантските комерцијални авиони. И двата обиди завршија неуспешно. Исто така, имаше неколку обиди од филијалата на „Ал каеда“ во Јемен. Најзначаен е случајот од 2009 година, кога во Јемен самоубиствен напаѓач се обидел да активира експлозивна направа во авион направена во неговата долна облека. Затоа нападите од 11 септември и денес претставуваат пораз за западните сојузници. Секако ќе се сложиме дека заканата од тероризмот кон западните сојузници е присутна, но дефинитивно дефанзивните мерки вродија со плод, посебно во САД, иако не е сосема видливо нивното влијание.
Во минатите години се спречени десетици обиди за тероризам во САД, инспирирани од „Ал каеда“. Општо земено, капацитетот и компетентноста на лицата кои ги планирале нападите е мал. Голема заслуга во превенција на нападите имаат инфилтрираните оперативци на безбедносно-разузнавачките служби. Покрај обвинетите за тероризам, има голем број на лица за кои недостигаат доволно докази за да бидат обвинети и осудени за тероризам, а веќе обвинетите се осудени на мали, кратки



казни и во блиска иднина повторно ќе бидат на слобода. Исто така, мала е веројатноста дека голем број терористички напади се одвратени поради преземени безбедносни мерки. Широкиот спектар на многу скапи безбедносни мерки кои се преземаа во минатите години,во голема мера ја зголеми безбедноста на воените бази, аеродромите, комерцијалните авиони и може да се каже дека го отежнаа планирањето и извршувањето на терористички напади. Меѓутоа, сите оние кои се посветени и подготвени за извршување на терористички напад, сведоци сме дека немаат многу потешкотии да најдат други потенцијални цели.
Иако по 2001 година во САД влегоа огромен број мигранти, се чини дека „Ал каеда“ повеќе не може така лесно да уфрли свои оперативци. Листите за забрана за влез на мигранти од одредени држави, несомнено придонесоа за овој позитивен резултат. Европа е многу подостапна за Блискиот Исток, но тероризмот во времето на „Ал каеда“ беше ограничен и цела деценија по 2005 година немаше големи напади. Во минатите 16 години во безбедносните процени „Ал каеда“ претставува егзистенцијална закана за западните сојузници или дури и за светскиот системи или цивилизација каква што ја познаваме. Можеби е време стратегијата да претрпи промени и да не се дозволи истото да се повтори со терористичката организација „Исламска држава“ во Ирак и Сирија. Американците одлучиле дека групата претставува голем проблем. Резултатите од анкетата спроведена во 2016 година во САД, велат дека од 83 % од испитаниците сериозно се загрижени дека ИД претставува закана за постоењето или опстанокот на САД. Нападите на ИД во Сан Бернандино и Орландо предизвикаа повеќе жртви во споредба со другите militантни исламистички групи за целиот период по 2001 година.
По успешниот продор на Блискиот Исток во 2014 година и почетокот на 2015 година, ИД денес се соочува со неуспех. Приливот на странски борци е намален за 90 %, а групата прогресивно ја губи контролата на територијата. Неколку години по објавување на калифатот, групата започна да испраќа сигнали до своите поддржувачи дека постои можност за целосен територијален колапс.
Во меѓувреме, континуираниот неуспех на бојното поле го намалува ентузијазмот и регрутација на нови странски борци кои би се приклучиле во нивните редови.
Дефинитивно според анализите на безбедносните служби трендот за приклучување кон ИД е надолен.

Денес ИД (заедно со климатските промени) е идентификувана како една од првите две закани за националната безбедност во светот. Меѓутоа се поставува прашањето дали ИД е најопасната терористичка група со која се соочуваат западните сојузници на глобално ниво, бидејќи „Ал каеда“ со нејзините филијали во Сирија и Јемен, исто така имаат големи способности за спроведување операции на територијата на западните демократии

Меѓутоа ИД е феномен во создавање на непријатели и поттикнување за извршување на терористички напади. За пример ќе го споменам настанот од 26 јули 2016 година во црква во близина на градот Руен, Нормандија, северна Франција, кога беше извршен грозен терористички напад во кој беше заклан 85 годишен католички свештеник. ИД ја презеде одговорноста за нападот.
Имајќи го тоа на ум, потребно е да се изнајдат начини за да се продолжи деградирањето на ИД и да се спречи следната фаза од еволуцијата на групата. Прво, Западните сојузници треба да го ослободат Рака, главниот град на калифатот, центарот за планирање на терористичките



Исклучително важно прашање е дали може да се спречи ИД да се повлече и да воспостави нови сигурни засолништа во други населени места. Ова прашање ќе бара дополнителен фокус на разузнавачките служби, дипломатите, кои треба навремено да ги идентификуваат можните безбедни засолништа



операции. Заземањето на градот нема да ја спречи ИД да започне нови напади во регионот, а особено во Европа, но ќе ги направи таквите терористички операции многу потешки. ИД е адаптивна и еластична, но губењето на градот како база на операции ќе ги ослаби и оперативно и психички, бидејќи ќе го поткопа наративот дека терористичката група го има моментумот на бојното поле. Второ, западните сојузници ќе мора да ги предвидат новите закани. Лидерите на ИД, несомнено, ја чувствуваат неповолната позиција на групата и во Ирак и во Сирија и веројатно се обидуваат да изнајдат нови тактики и цели, како и опции за користење на моменталните предности на што покреативен начин. Без разлика дали се работи за експлозив поставен во возило или употреба на беспилотни летала, планерите на нападите во ИД знаат дека треба да станат покреативни, а безбедносните аналитичари треба да ги предвидат иновативните тактики на групата размислувајќи за најлошите варијанти.

Следно исклучително важно прашање е дали може да се спречи ИД да се повлече и да воспостави нови сигурни засолништа во други населени места. Ова прашање ќе бара дополнителен фокус на разузнавачките служби, дипломатите, кои треба навремено да ги идентификуваат можните безбедни засолништа. Во изминатиот период, добро научена лекција е дека далеку полесно е да се спротивставиме на заканата, во периодот кога сè уште се обидува да го консолидира влијанието во некоја област, а не откога ќе воспостави институции, да го тероризира локалното население, да врши регрутација од младото население, ќе формира одбрана и правци за повлекување. Напорите за рушење на имиџот и брендот на ИД и намалување на привлечноста за младите луѓе, ќе бидат од клучно значење за долгорочен успех во борба против групата. Важен чекор за да се намали привлечноста на ИД на глобално ниво е разрешување на сунитско – шиитскиот конфликт, што за жал ја разгорува кризата, особено кај сунитите кои се чувствуваат загрозени од шиитската политичка моќ. За жал овие тензии се во постојан пораст, поттикнати од зголеменото регионално влијание на Иран и неговата улога во конфликтите од Сирија до Јемен.

Денес ИД (заедно со климатските промени) е идентификувана како една од првите две закани за националната безбедност во светот. Меѓутоа се поставува прашањето дали ИД е најопасната терористичка група со која се соочуваат западните сојузници на глобално ниво, бидејќи „Ал каеда“ со нејзините филијали во Сирија и Јемен, исто така имаат големи способности за спроведување операции на територијата на западните демократии. Секако ова не ја елиминира ИД како закана за интересите на западните сојузници, напротив заканата од групата треба да се стави во една реална рамка врз основа на која државите ќе можат да изградат цврста политика за национална безбедност. Ефикасното спротивставување на следната фаза од еволуцијата на способностите на терористичката организација Исламската Држава и нивната деструктивна идеологија нема да биде лесно, но не се сомневам дека тоа е сигурно остварливо.



д-р Ненад Танески



# Отворен Центар за симулации во касарната во Велес

На свеченоста по повод отворањето на Центарот за симулации присуствуваа претседателот на Република Македонија и врховен командант на вооружените сили, Ѓорге Иванов, началникот на ГШ на АРМ, генерал-потполковник Методија Величковски и Џес Бејли, амбасадор на САД во Р.Македонија, кои заедно ја пресекоа црвената лента во Центарот за симулации. На свеченоста присуствуваа и други генерали, офицери и други претставници на ГШ на АРМ и на Министерството за одбрана.

Врховниот командант и претседател на Р.Македонија, Ѓорѓе Иванов при посетата на касарната во Велес ги обиколи сместувачките и капацитетите за обука на КОД, а се сретна и разговараше со војниците кои се наоѓаат на доброволно служење на воениот рок, а при тоа беше запознат со условите за престој и работа. Иванов ги посети и слушателите на тековниот курс за први подофицери. Во рамки на посетата од страна на претставници на КОД пред присутните беше презентирана и воено стручна литература, изработена како дел од активностите за одбележувањето на 25 години од формирањето на АРМ.

Во изјавата за медиумите, началникот на ГШ на АРМ, генерал-потполковник Методија Величковски информираше дека врз основа на стратегиското партнерство кое го има Република Македонија со САД се покажува на најдобар начин.

„Како што видовте и денеска, помошта на САД кон Р. Македонија овој пат е преку Центарот за симулации. Основна придобивка за АРМ од овој Центар е тоа што можноста за обука на командите и штабовите се подига

Во касарната „Алексо Демниевски Бауман“ во Велес, во Командата за обука и доктрини, на 5 декември свечено беше пуштен во употреба Центарот за симулации, вреден 1,4 милиони долари, донација за АРМ од САД



Центарот за симулации претставува уште еден доказ за успешноста на соработката помеѓу Република Македонија и САД. Основна придобивка за АРМ од овој Центар е тоа што можноста за обука на командите и штабовите се подига на едно многу повисоко ниво. Воедно се отвора и дополнителна можност нашиот Центар за симулации да се поврзе во мрежата на сите вакви центри кои се наоѓаат во регионот што ќе овозможи поквалитна обука на командите и штабовите



на едно многу повисоко ниво. Воедно се отвора и дополнителна можност нашиот Центар за симулации да се поврзе во мрежата на сите вакви центри кои се наоѓаат во регионот што ќе овозможи поквалитна обука на командите и штабовите. Се разбира дека вистинската обука се изведува на терен, меѓутоа подготовките, техниката на носење одлуки, самата организација на Штабната работа во Командата ќе биде подигната на највисоко можно нив" - потенцираше генерал-потполовник Величковски. Тој им се заблагодари на САД што на овој начин како што нагласи конкретно се покажува подршката на АРМ. „Јас сум повеќе од убеден дека во наредниот период инвестицијата која овде е вложена ќе вроди со плод, односно АРМ уште еднаш ќе покаже дека е достоинствен, вреден партнер за идно зачленување во НАТО" – потенцираше началникот на ГШ на АРМ, генерал-потполковник Методија Величковски.

Во изјавата за медиумите, Џес Бејли, Амбасадор на САД во Р.Македонија, најпрво искажа задоволство што се наоѓа во Велес односно во Командата за обука и доктрини на АРМ, односно во Центарот за симулации.

„Ова претставува уште еден практичен пример за соработката помеѓу САД и Република Македонија. Во текот на оваа недела ќе видиме низа ангажмани коишто претставуваат пример на којшто секретарот Трилерсон учествува на конференции во Брисел и во Виена во рамките на состаноците на министрите за надворешни работи на НАТО и ОБСЕ. Клучната порака којашто овде може да се извлече е дека Евроатланското партнерство е навистина основа за справување со растечките закани коишто ги имаме денес и утре во Европа и надвор од Европа. Ние, за време на посетата на секретарот Трилерсон, всушност ќе разговараме за начинот на којшто ги адаптираме и треба да ги адаптираме нашите безбедносни институции во борбата со растечките закани. Во рамки на соработката на САД и Р.Македонија би сакал да кажам дека ова претставува уште еден начин и уште еден доказ за успешноста на нашата соработка и начинот на којшто треба да се инвестира во ваквите видови на системи. Ова е една скапа инвестиција од 1,4 милиони американски долари, меѓутоа во исто време тоа е и паметна инвестиција којашто ќе ја подигне подготвеноста на офицерите и можноста да изведуваат операции и во реални услови. Значи преку користењето на оваа обука, овој месец ќе имаме можност повторно припадниците на АРМ да одат во Авганистан, како и претходно. Со тоа ние Ви се заблагодаруваме за поддршката којашто АРМ ја дава во операциите во Авганистан. Во исто време сакаме да кажеме дека ќе продолжиме да ја подржуваме Р.Македонија во рамките на подобрување на нејзините капацитети и во поглед на Армијата" - нагласи Амбасадорот на САД, Џес Бејли.

На крајот од посетата претседателот Иванов, генералот Величковски, амбасадорот Бејли, придружувани од генералите во АРМ, командантот на КОД, имаа заеднички ручек со граѓаните на Република Македонија кои доброволно го отслужуваат тримесечниот воен рок по кое завршување ќе можат да конкурираат за стапување во служба во професионалниот состав на АРМ.

Командата за обука и доктрини е единствена команда во АРМ чија мисија е организација и реализација на индивидуална обука на војници, питомци, подофицери и офицери од активниот и резервниот состав, поддршка на колективната обука на командите и единиците и развој на доктрините и научените лекции во Армијата на Република Македонија.

Антоанела Димитриевска
Кристина Илиевска





# Улогата и значењето на првите и главните подофицери во Армијата на Република Македонија

На самиот почеток на формирањето на АРМ подофицерскиот кор го сочинуваа подофицери кои биле школувани и кои работеле во поранешната ЈНА. Само неколку години по формирањето на АРМ се наметна и потребата за освежување и обновување на подофицерскиот кор. Меѓутоа, тука се наметна и прашањето како да се направи. Подофицерите кои веќе работеа во АРМ беа школувани и образовани во еден друг систем, систем на средно воено школување со период од четири години, школување кое го немаше во Република Македонија и АРМ. Користејќи ги искуствата на армиите кои се членки на НАТО и направените анализи, а со цел подобрување на

> Функцијата прв подофицер е должност која се извршува на ниво на чета, додека функцијата главен подофицер е на ниво на баталјон и повисоко до највисоката должност за подофицер главен подофицер на АРМ

квалитетот на структурата на армијата која се однесува на подофицерите, беше потребно создавање на нов систем за професионален равој на подофицери. Новиот систем за професионален развој на подофицери требаше да обезбеди оспособување на идните подофицери и усовршување







Основната цел и задача на првиот и главниот подофицер е советодавна, да му даде поддршка на командирот/командантот кога се во прашање подофицерите и војниците, а со тоа офицерите ќе имаат повеќе време за планирање и донесување на одлуки

на веќе постоечките подофицери за истите да бидат подготвени и спремни на предизвиците со кои би можеле да се соочат. Основните должности и одговорности на подофицерите се да бидат примарни тренери и лидери на војниците, а тоа значи истите тие да поседуваат исклучителни лични карактеристики, знаења и вештини. Дефинирајќи ја улогата на подофицерите јасно се става на знаење дека е потребен сериозен пристап и квалитетна селекција за произведување во подофицерски чин, како и да се води сметка за нивниот понатамошен професионален развој. Според направените анализи и разменетите искуства со други армии, како најдобар и најкорисен модел за произведување на подофицери се воспостави моделот каде кандидатите и идните подофицери ќе се бираат од редот на професионални војници, кои секако претходно мора да ги исполнат горенаведените критериуми и ќе поминат низ строга селекција за произведување во првиот подофицерски чин-водник.



## Првите и главните подофицери

Поминаа повеќе години од формирањето на АРМ кога се наметна потребата, а потоа и се воспостави нова должност прв и главен подофицер - која произлезе од должноста „подофицер за војнички и подофицерски прашања“. Функцијата прв подофицер е должност која се извршува на ниво на чета, додека функцијата главен подофицер е на ниво на баталјон и повисоко до највисоката должност - главен подофицер на АРМ. На самиот почеток кога беа воведени новите должности се поставуваа безброј прашања околу нивните работни обврски и задачи, дали таквите позиции се потребни, кои се придобивките од нив, дали ќе има мешање на одговорностите помеѓу офицерите и подофицерите и безброј други прашања. Таква ситуација е сосема нормална во секоја средина кога се воведуваат одредени новини, посебно кога најголемиот дел од офицерите и подофицерите не беа запознаени и доволно упатени со новите должности. Основната цел и задача на првиот и главниот подофицер е советодавна, да му даде поддршка на командирот/командантот кога се во прашање подофицерите и војниците, а со тоа офицерите ќе имаат повеќе време за планирање и донесување на одлуки. За овие должности особено е важно да се поседуваат лидерски способности, да се наметнат како лидери бидејќи тие имаат значајна улога во процесот на селекција за упатување на професионалните војници и подофицери на одредени курсирања, обуки и усовршувања. Војниците и подофицерите не се секој пат во можност да бидат во контакт со нивниот командир/командант и тука доаѓа до израз првиот/главниот подофицер кои им пружа помош, им дава насоки во работата, ги советува



и секако го информира неговиот претпоставен за проблемите, воедно давајќи му предлози за решавање на истите.  Првиот подофицер е должен и одговорен за извршување на секојдневните (мирновремени и борбени) задачи добиени од страна на претпоставените старешини, за редот и дисциплината, за обученоста на подофицерите и војниците во четата, како и за персоналниот менаџмент кој се однесува за подофицерите и војниците. Покрај тоа, тој учествува во процесот на планирање на обуката, врши контрола на изведувачите на истата, како и на обученоста на војниците. Реализира настава и обука со подофицерите во четата, воедно и води евиденција за нивната обученост. Првиот подофицер му помага на командирот со давање на предлози за оценување на подофицерите и војниците во рамките на четата, извршува разговори и советување со подофицерите и војниците, а тој е и ментор на подофицерите и младите офицери (новодојдените потпоручници). Го користи сопственото искуство и дава предолзи за подобрување на обуката на подофицерите и војниците, одговорен е за моралот на истите и го известува командирот за состојбата во четата, за евентуалните проблеми и барања од подофицерите и војните. Првиот подофицер мора да соработува со неговиот командир и заедно со него да бидат сигурни дека подофицерите и војниците од единицата се обучени, дисциплинирани, високо мотивирани и способни за извршување на доделените мисии и задачи. Приоритени задачи и обврски на првиот подофицер се индивидуалниот тренинг, дисциплина, грижа за подофицерите и војниците,



професионалниот развој на подофицерите како и воспоставување и одржување на висок моралот во единицата. Откако командирот ќе ја дефинира мисијата и задачите, првиот подофицер мора да биде сигурен дека подофицерите и војниците точно, прецизно, навремено и со успех ќе ја извршат мисијата. На успешно извршување на доделената мисија првиот подофицер може да смета доколку неговите подофицери и војници се високо обучени и физички подготвени за борба. Заради тоа за први подофицери се избираат најдобрите, најспособните подофицери кои со своето знаење, искуство, однесување кон претпоставените и потчинетите секојпат и секаде ќе бидат пример за нивните потчинети. За извршување на оваа должност покрај личните и стручни квалитети потребно е да го има завршено курсот за прв подофицер на чета.

Главен подофицер е должност која се извршува на ниво на баталјон, бригада и повисоко (до главен подофицер на АРМ) - тој е советник

> Особено е важно првиот и главниот подофицер да  поседуваат лидерски способности, да се наметнат како лидери бидејќи тие имаат значајна улога во процесот на селекција за упатување на професионалните војници и подофицери на одредени курсеви, обуки и усовршувања

на командантот и му дава препораки за сите работи кои се однесуваат за подофицерите и војниците. Присуствува на состаноци и учествува во работни групи каде се донесуваат одлуки на стратегиско ниво. Во многу нешта двете функции прв подофицер и главен подофицер се слични во поглед на должностите и обврските, се разликуваат по функцијата на која се поставени. Главен подофицер е ментор и обучувач на подофицерите и војниците во единицата, ги спроведува стандардите кои се однесуваат на извршувањето на задачите и обуката. Му асистира на командантот во процесот на планирање, координација, ги контролира и им дава насоки и повратни информации на првите (главните) подофицери  во врска со обуката. Го советува командантот во врска со поставување, преместување, упатување на школување и стручно оспособување - селекција и избор на кандидати, при изрекување на

дисциплински и стимулативни мерки. Понатаму, се грижи доследно да се применуваат законските одредби и правилата, Законот за служба во АРМ како и сите останати правила и упатства од страна на подофицерите и војниците.

## Означување на првите и главните подофицери

Помина извесен период откако беа воведени должностите прв и главен подофицер, период во кој на ниеден начин, со ниту една ознака на униформата, не беа означени подофицерите кои ги вршат тие должности. Тоа беше период кога се правеа одредени анализи и се размислуваше на кој начин да бидат означени првите и главните подофицери. Во предвид беа земени искуствата од земјите партнери со кои соработува АРМ. Во 2016 година, со донесување на последната Уредба за единствениот знак за припадност на АРМ, униформата, ознаките на чиновите, ознаките на родовите и службите, ознаките на единиците како и начинот и условите на нивното носење за прв пат е предвидена и усвоена ознака за прв и главен подофицер. Подофицерите во Армијата, кои се поставени на должност прв и главен подофицер, на униформите ги носат следните ознаки:
Ознаката на подофицер поставен на должност прв подофицер е минијатурна изведба на чинот наредник, со еден ромб во форма на дијамант поставен во средината помеѓу правите ленти и изведбата од рамнокракиот триаголник.



Слика 1 - Ознака за прв подофицер
(за военотеренска униформа)



Слика 1а - Ознака за прв подофицер
(за службена униформа)

Ознаката на подофицер поставен на должност главен подофицер е минијатурна изведба на чинот главен наредник, со два ромба во форма на дијамант поставени симетрично еден до друг во средината помеѓу правите ленти и првата изведба од рамнокракиот триаголник.



Слика 2 - ознака за главен подофицер
(за военотеренска униформа)



Слика 2а - ознака за главен подофицер
(за службена униформа)

Ознаката на подофицер, поставен на должност главен подофицер во единица и команда со која командува бригаден генерал е минијатурна изведба на чинот главен наредник, со гранчиња од тутунови лисја во полукруг со една ѕвезда поставена во средината помеѓу гранчињата од тутунови лисја и првата изведба од рамнокракиот триаголник.



Слика 3 - ознака за главен подофицер во единица и команда
со која командува бригаден генерал
(за военотеренска униформа)



Слика 3а - ознака за главен подофицер во единица и команда
со која командува бригаден генерал
(за службена униформа)

Ознаката на подофицер, поставен на должност главен подофицер во командата со која командува генерал - мајор е минијатурна изведба на чинот главен наредник, со гранчиња од тутунови лисја во полукруг со две ѕвезди хоризонтално поставени во средината помеѓу гранчињата од тутунови лисја и првата изведба од рамнокракиот триаголник.



Слика 4 - ознака за главен подофицер во единица и команда
со која командува генерал мајор
(за военотеренска униформа)



Слика 4а - ознака за главен подофицер во единица и команда
со која командува генерал мајор

Ознаката на подофицер, поставен на должност главен подофицер на Армијата е минијатурна изведба на чинот главен наредник, со гранчиња од тутунови лисја во полукруг со три ѕвезди поставени во форма на триаголник во средината помеѓу гранчињата од тутунови лисја и првата изведба од рамнокракиот триаголник.



Слика 5 - ознака за главен подофицер на АРМ
(за военотеренска униформа)



Слика 5а - ознака за главен подофицер на АРМ
(за службена униформа)

Ознаките за военотеренска униформа се везени со црн конец на ткаенина од зелено-маслинеста боја.
Ознаките за службена униформа се лиени, тродимензионални изработени од метал и површински се заштитени, во златно-жолта боја.

Марјан Кировски

# РЕФЛЕКСИВНА КОНТРОЛА



Концептот на „рефлексивна контрола“ е составен дел од руската оперативна вештина и потекнува од времето на Студената војна. Нејзин творец е советскиот психолог и математичар Владимир Лефевр кој подоцна станал американски државјанин и професор на универзитетот „Ирвин“ во Калифорнија. Како истражувач за советската војска, тој работел на развој на теорија за рефлексивни игри, термодинамички модел на размислување, концепт за рефлексивен систем и контрола. Советската теорија на рефлексивна контрола била советскиот одговор на американската „теорија на игри“. Во текот на осумдесеттите години, во САД се правени бројни воени и политички анализи со примена на научни и математички методи за да се идентификува и парира на рефлексивната контрола, но и да се сфати зошто Русите развиле таков процес на одлучување. За да се објасни зошто за Русите бил природен овој пристап, темелно била

Рефлексивната контрола е дефинирана како „метод на испорачување на специјално подготвени информации за да го наведат противникот или сојузникот доброволно да донесе одлука која е однапред планирана“





Карактеристично за концептот на рефлексивна контрола е тоа што историски, се применувал од формирање на СССР како составен дел од советскиот модел на командување, контрола и комуникација, каде се тежнеело да се обликуваат посакувани услови во оперативното опкружување. Големо влијание врз моделирањето на овој концепт имал развојот на кибернетиката кон крајот на 50-ите години на минатиот век

проучувана нејзината историска, психолошка и културолошка димензија. Рефлексивната контрола е дефинирана како „метод на испорачување на специјално подготвени информации за да го наведат противникот или сојузникот доброволно да донесе одлука која е однапред планирана“. Ова како појава несвесно се случува секојдневно во човечката интеракција, но за да се примени на макро ниво потребно е ангажирање на повеќе инструменти на национална моќ. Историски, постојат бројни примери кога Запад едноставно се губел во превод при интеракција со источни култури. За да биде успешна рефлексивната контрола, потребно е да се сфати противничкиот систем на командување и контрола, неговата перцепцијата, значењето на зборовите и постапките. Карактеристично за овој концепт е тоа што историски, се применувала од формирање на СССР како составен дел од советскиот модел на командување, контрола и комуникација, каде се тежнеело да се обликуваат посакувани услови во оперативното опкружување. Големо влијание врз нејзиното моделирање имал развојот на кибернетиката кон крајот на 50-ите години.

Рефлексивната контрола не е само мамење, маскирање и мимикрија туку доктрина која има многу подлабока научна основа отколку што изгледа. Таа е производ на историските и културолошките особености на Русите, потребата од контрола, психолошката потреба од цврсто лидерство, страв од сите наоколу и менталитет дека се под опсада. Таа е наменета да ги предвидува следните потези на жртвата со тоа што го следи нејзиното однесување, намери и фокус.

Целта на комунизмот била да се претстави политичко-економски систем кој е супериорен во однос на западниот. Бидејќи тоа не можеле да го испорачаат на народот, Советите цело време се потпирале на измама. Со претставување на лажна слика за општеството, војската, политиката, постојано се упатувале пораки кон сопственото население и противничкиот Запад. На воените паради во Москва, често била претставувана техника која не постоела. Едни исти бомбардери постојано прелетувале за да се остави впечаток пред домашната и странска јавност (присутни воени аташеа) дека СССР има повеќе средства отколку што навистина имал.

По завршување на Студената војна е потврдено дека на првомајските паради во Москва, понекогаш биле презентирани лажни средства. На пример, во 1965 година Советите на Црвениот плоштад прикажале лажни ракети од типот ГР-1 (со провокативно име „глобална ракета“). Целиот проект бил прекинат една години пред парадата. Меѓутоа, величината на макетите предизвикала паника на Запад и иницирала САД да започне со развој на противракетен штит кој чинел милијарди долари. Хрушчов изјавил дека СССР произведува интерконтинентални ракети „како салами“, а во реалноста имало недостиг на салами. Денес знаеме дека кога Хрушков ја дал таа изјава, СССР имал само 4 интерконтинентални балистички ракети, додека САД имале 60. Од една страна, САД потрошиле милијарди поради лажни макети, но од друга страна значително ги засилиле своите одбранбени капацитети. Прашање е дали ваков блеф се исплати против економски супериорен противник - во трката за вооружување кулминирал СССР.

Системот на вредности, поставените цели, значењето на зборовите и концептите на СССР биле дијаметрално спротивни од западните. Статистиката покажала дека во СССР било нормално да се направи етички компромис, за разлика од Запад каде тоа било поретко. Во СССР криењето на вистината била нормална опција доколку се сметало дека со тоа се прави „добро“, додека на запад се





Целта на комунизмот била да се претстави политичко-економски систем кој е супериорен во однос на западниот. Бидејќи тоа не можеле да го испорачаат на народот, Советите цело време се потпирале на измама. Со претставување на лажна слика за општеството, војската, политиката, постојано се упатувале пораки кон сопственото население и противничкиот Запад. На воените паради во Москва, често била претставувана техника која не постоела

кажува вистината дури и кога со тоа се прави „зло". Затоа, СССР не правел компромис во меѓучовечките и меѓудржавните односи дури и ако со тоа се постигнувало „добро", додека запад е склон да прави компромис иако тоа може да има штетни последици. Објаснување за ова лежи во почетните позиции на аргументот. Западната идеологија е базирана на „забрана на злото", додека советската била базирана на „декларирање на доброто". Во случајот на руската култура, злото не е забрането, а за да се победи, морално е оправдано против него да се користи зло. Оттука, сосема се оправдува безмислоност кон непријателот, лажење, неискреност и кршење на договорите. Доколку русите дефинираат непријател, немаат намера да прават компромис.
Во СССР се сметало дека развојот зависел пред сѐ од научна контрола врз општеството и насоченоста на лидерите кон целта. Ова остана како став во Русија и по распадот на СССР. Русите очигледно и понатаму имаат потреба од „цврста рака" која има сигурна контрола. Ваква психологија овозможува да продолжи прифаќање на пропагандата како алатка за остварување на целта или за постигнување на „добро". Заклучокот е дека некои основни културолошки особености ја наметнале рефлексивната контрола како прифатлива и преферирана стратегија. Русите уште во време на СССР и почетокот на советската оперативна вештина, ги насочувале централизирано сите инструменти на национална моќ и влијание за да ги остварат националните цели. Уште од пред Втората Светска војна, русите усеале да ги синхронизираат политичките цели со воените за да и служат на т.н. Голема стратегија. Концептот на рефлексивна контрола не е случајно развиен во поранешниот СССР. Тој има и културолошка позадина, со психолошки аспект на сфаќање на заканите. СССР уште од самото формирање беше нападнат од капиталистичките земји, по што комунистите кај населението наметнаа страв од „надворешниот непријател" т.е. дека земјата е под опсада. Ова било успешно експлоатирано во рамки на оперативната вештина на советската армија. Иако територијата на СССР била огромна и дозволувала стратегиско повлекување заради формирање џебови и потоа противнапади, современите стратези единствена логика во тврдоглавото „ни чекор назад" наоѓаат во одржување на перцепцијата дека русите се „под опасада". Ова и денес е експлоатирано од Москва, во чести изјави дека Русија е загрозена, дека проширувањето на НАТО е закана и дека земјата мора да се брани.
Целите на рефлексивна контрола се системот за донесување на одлуки или самиот процес за донесување на одлуки, индивидуите кои се одговорни за донесување на одлуки и културната компонента од која зависи процесот на донесување на одлуки.
За да биде ефикасна, рефлексивната контрола мора да биде реална за да не предизвика сомнеж кај жртвата. Односот меѓу снабдувачот и примачот на рефлекс е двонасочен процес и колку е поголемо сфаќањето на снабдувачот за тоа како примачот го доживува рефлексот, толку е поефикасна контролата.
Во советската доктрина, се сметало дека контрола врз човекот најдобро можела да се воспостави доколку се влијае врз влезните информации кои ги добива од опкружувањето. Затоа рефлексивната контрола имала за цел



намерна манипулација и менаџирање со перцепцијата. Според советските генерали Дружинин и Конторов, „лидерот треба да ги контролира не само дејствијата туку и мислењето на потчинетите“. Ова го сметале за основна функција на лидерството без кое не би можело да се насочи колективот кон прифаќање на определена идеја. Потребата од контрола е својствен за рускиот народ поради влијание на опкружувањето, климата, историските и социјални случувања.
Рефлексивната контрола има две компоненти, психолошка и контролна. Дружинин и Конторов сметале дека преку контрола на противникот, му се одзема моќта тој да одлучува, а за да се стори тоа требало да се влезе во неговата глава: да се познава неговата политика, организација и воена доктрина, идеологија и психологија, состојбата на неговите сили, профил на неговиот персонал, емотивните состојби и меѓусебни односи.
Рефлексивната контрола се применува за да се влијае врз однесувањето и дејствијата на противникот на тој начин што се обликува неговата перцепција така да тој воопшто не е свесен дека мислите во неговата глава не се негови.
Рефлексивната контрола може да се сфати и како комбинација на два други советски концепти. Едниот е воениот за „маскировка“, а вториот е политичкиот т.н. „финландизација“. Концептот „маскировка“ не значи само маскирање (камуфлажа), туку и измама и прикривање на намерите и дејствијата за целосно да се обликува перцепцијата на противникот на стратегиско ниво. Целта е противникот да направи погрешна стратегиска претпоставка и да донесе низа погрешни одлуки. СССР многу повеќе го истакнувал прикривањето, маскирањето и измамата отколку САД и НАТО. Особено маскирањето станало интегрален дел во оперативната вештина и го развивале како посебна област со посебно значење. Никогаш Запад ни приближно не го довело маскирањето до ниво на уметност како СССР. Во руската доктрина и денес се истакнува дека измамата, маскирањето и прикривањето многу допринело за победа во Втората Светска војна.
Финландизацијата има негативен контекст кој потекнува од односот на СССР кон Финска за времена Студената војна. Тоа се низа политички притисоци со кои поголемата (посилна) држава ја принудува на послушност помалата (послабата) држава како форма на модерно вазалство. За време на Студената војна, ова било применувано врз повеќе други држави, со влијание врз внатрешната и надворешната политика да се обликува однесувањето на државата да ги следи политиките кои се одобрени или во корист на СССР. Конфликтот во Украина започна со нередите во Киев со кои се прати јасна порака до Москва дека Украина ќе се ориентира кон Запад.
Советите сфатиле дека елементите на измама и изненадување ја зајакнуваат ефикасноста на контролата бидејќи со тоа се наметнува сопствена перцепција за себе, непријателот и теренот. Додека противникот сфати која е вистинската слика, советите точно го знаеле наредниот потег и го користеле времето за подготовки. Ова е препознаено уште во дваесеттите години од минатиот век, така што концептот на изненадување и измама е интегрирано во нивното стратегиско планирање како „маскировка“, не само во воена доктрина туку и во дипломатијата. Сталин рекол дека „зборовите се една работа, делата друга, а искрен дипломат е како сува вода или дрвено железо.“ Според ова, во Руската дипломатија било прифатено дека лажењето и измамата се нормална работа. Меѓутоа, во 21от век ова е неприфатливо за Запад и такво однесување во дипломатијата се смета за неодговорно и непријателско. Западот останува прагматичен и директен, а тоа во нелинераната војна може да биде голема слабост.

Ѓорѓи Вељовски



По завршување на Студената војна е потврдено дека на првомајските паради во Москва, понекогаш биле презентирани лажни средства. На пример, во 1965 година Советите на Црвениот плоштад прикажале лажни ракети од типот ГР-1 (со провокативно име „глобална ракета“). Целиот проект бил прекинат една години пред парадата. Меѓутоа, величината на макетите предизвикала паника на Запад и иницирала САД да започне со развој на противракетен штит кој чинел милијарди долари





# ХЕЛИКОПТЕРСКИ САМИТИ **во Полска**

Во текот на 2017 година, во Краков во Полска се одржаа два исклучително важни настани за хеликоптерските капацитети и операции. Тоа беа: „Хеликоптерски НАТО самит“ (NATO Rotary Wing Summit) и „Борбен хеликоптер“ (Combat Helicopter) и истите обработија теми поврзани со развојот на хеликоптерските капацитети и интеграцијата на напредните системи за воени и комерцијални хеликоптери. На двата настани учествуваа претставници од Македонија, поточно претставник од Службата воен-воздухопловен авторитет, претставник од Воздухопловната бригада и учесник од страна на „Elbit Systems Ltd“ за потребите на Центарот за обука на пилоти

Како трет самит на НАТО, овој самит беше раководен од страна на американската армија во Европа, односно од командантот на 12-тата борбената авијациска бригада (12th Combat Aviation Brigade). Ова е воздухопловна единица на САД во Европа која тренира и реализира воздушна поддршка на копнените сили на United States Army Europe, European Command, NATO, CENTCOM, AFRICOM и на други контигенти ширум светот. Располага со флота од 65 хеликоптери од типот: Sikorsky UH-60 Black Hawk , Boeing CH-47 Chinook, Boeing AH-64 Apache и Sikorsky UH-60 Black Hawk MEDEVAC.

Самитот имаше за цел да се види општата оперативна слика, да се воспостави идната заедничка обука и да развие тактичката интероперабилност и релациите помеѓу земјите партнери. Настанот го следеа преку 100 делегати од повеќе држави: Италија, Канада, Литванија, Австрија, Грција, Бугарија, Англија, Унгарија, Хрватска, Финска, Турција, Шведска, Полска, Чешка, Албанија, Германија, Белгија, Словенија, Холандија, Франција и Македонија.

За време на настанот се анализираше вежбата „Saber Gardian 17“ со осврт на синхронизација и координација на хеликоптерските операции, посебно кога станува збор за мултинационална вежба, со употреба на источна и западна технологија и со учество на земји-членки на НАТО и партнерски држави со различни постапки и правила во своето работење. Како цели кои биле исполнети за време на вежбата е постигнувањето на интероперабилност, подготвеност, слобода на движење и градење на партнерството и довербата. На вежбата учествуваа  58 хеликоптери од преку 20 земји учеснички. Несебично беше укажана потребата од понатамошна работа во полето на синхронизацијата и координацијата на хеликоптерските операции. Како дополнение беа анализирани подготовките за сите вежби со учество на хеликоптери во наредната 2018 година. Исто така се изврши анализа на опасностите кои се присутни во воздушната средина и можноста за заштита од нив во наредниот период. Иднината на помалите држави треба да биде во насока на градењето и развивањето на хеликоптерските капацитети, наведуваното вооружување и беспилотните летала.

Во текот на Самитот се реализираше синдикална работа на учесниците, поделени во две групи и се разви дискусија по однос на командувањето во воздушната средина и интероперативноста при релизација на хеликоптерските операции. Посебен осврт се даде на двата важни НАТО документи кои се користат при






Целта на „Хеликоптерски НАТО самит" беше да се фокусираме на релациите помеѓу НАТО членките и партнерите на Алијансата и на постигнувањето интероперабилност помеѓу нациите. Со размена на искуства да се осигура и да се обезбеди еднаква примена на правилата и постапките како и координацијата со идните хеликоптерските операции

реализација на хеликоптерските операции, а тоа се: АТР-49 (G) – Use of helicopters in land operations и АТР-90 (SD) – Operational competencies for helicopter crew in support of NATO-led land operations and exercises.
Како заклучок беше наведено дека учеството во хеликоптерски операции ширум мисиите во светот е тесно поврзано со одредени активности кои претходат на ова, а тоа се: едукацијата, обуката и реализирањето на вежби во мултинационална средина.
Настанот „Борбен хеликоптер" е најголемиот воен хеликоптерски настан во Европа. Четвртото издание на „Combat Helicopter", со кое претседаваше воздухопловниот маршал Greg Bagwell, поранешен заменик командант на операциите на кралските воздухопловни сили, обезбеди единствена можност да се добие јасно разбирање за идните барања и способности за следната генерација на повеќенаменски хеликоптерски платформи.
Беа присутни повеќе од 100 делегати од над 22 членки на НАТО, сојузнички и пријателски држави со бизнис-партнери за да дискутираат, да планираат и да ги решат тековните и идните оперативни побарувања во следните области:

– Да се владее со воздушната средина во сите временски услови во текот на 24-часовна операција. Целта е да се насочат опасностите во тактички предности преку зголемување на свесноста за максимизирање на можностите и капацитетите за ноќно летање, доминирање и искористување на електромагнетниот спектар и интеграција на решенијата за насочување/таргетирање.
– Да се овозможи воздушна и логистичка поддршка во сите средини. Да се ажурираат програмите, иновациите и технологијата за хеликоптери со средна и тешка носивост за спроведување на транспорт на војници, материјални средства и за обезбедување соодветна одбрана.
– Во поглед на заштитата на силите од морето, да се прилагодат платформите за поморски операции и да се зголеми оперативната достапност.
– Да се минимизира ризикот од идните операции преку идентификување на системите кои можат да го детектираат и одвратат непријателското дејство со јасна идентификација на сините сили.
– Областите како платформите на хеликоптерите, дизајнот, максимизирање на повеќенаменските можности, огнената моќ, авиониката и други, беа покриени од страна на низа експерти од различни нации.
– Интеграцијата на флотите е клучот за овозможување на синергија за време на меѓународните операции.

Имајќи ја предвид агендата и целите кои беа исполнети со настанот, генерал-мајор Richard Felton, командант на британската здружена хеликоптерска команда при министерство за одбрана на Обединетото Кралство, изјави: „Дури и денес научив две или три работи за кои не знаев што се случува, што можам да ги посочам во Велика Британија и да ги споделам со нашиот оддел за јавни набавки".
Ваквите активности се од посебно значење за воздухопловството во Република Македонија. Посебно настаните се важни од аспект на интеграцијата во сложениот систем на НАТО, опремувањето и модернизацијата на хеликоптерските капацитети, синхронизација и примена на оперативните постапки и реализација на вежбовни активности во една мултинационална средина, пред да се земе учество во некоја идна операција на НАТО со можно учество на нашата држава.

Драган Павловски




СРЕЌНА НОВА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
MINISTRY OF DEFENCE
REPUBLIC OF MACEDONIA
АРМИЈА
НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА
АРМ

# 2018 ГОДИНА



# „Rafal“

Повеќенаменскиот борбен авион „Rafal“ е моќно и ефективно летало, а благодарение на современото оружје со кое располага (конвенционално и нуклеарно) може да дејствува и да уништи секакви цели на копно, во воздух и на вода. „Rafal“ според градбата припаѓа во групата на двомоторни млазни летала, со современа аеродинамичка делтокрилна конструкција со напред поставени канарди. Современата аеродинамичка градба, вештачката стабилност и електронските команди овозможуваат „Rafal“ да има извонредна маневрабилност со оптоварување од +9 до -3.2 Г. Инаку 70% од површината и 30% од тежината на леталото се изработени од композити, а во градбат се застапени и легури на алуминиум, титан и кевлар. Кокпитот на леталото е опремен со 3 повеќенаменски колор дисплеи од кои централниот е TMC 2020, а страничните се VTS 55 тач дисплеи, нишанскиот HUD е од моделот VEH 3022 со широк агол на прикажување, вградени се HOTAS команди со управувачка палка поставена десно од пилотот, пилотот користи пилотски шлем со вграден нишански систем, на кој при ноќни мисии се поставуваат очилата за ноќно летање AN/ AVS-9, по потреба на левата нога од пилотот се поставува специјален таблет, а во леталото се вградени и гласовни управувачки команди. Пилотот седи на катапулт седиштето Martin-Baker Mk16F 0-0. За комуникација е вграден уредот TRA 6032 (V/UHF радио) и F16 data link тактички комуникатор, а за цивилна комуникација уредот EAS TRA 2020 (V/UHF радио). Во леталото е вграден и системот MIDS преку кој се изведува безбедна размена на сигурносни податоци со НАТО комуникациските станици. За навигација е вграден тактичкиот навигациски систем TACAN NC-12E, инерцијалниот навигациски систем Sigma 95N, во кој е вграден и GPS/ Glonass приемник и друга придружна опрема. Во носот на леталото е вграден 3D повеќенаменскиот моќен радар модел RBE2 со дострел од 200 km, од компанијата Thales. Додека позади радарот е вграден OSF специјалниот оптичко/ ласерски систем составен од пасивен ИЦ детектор, ТВ камера и ласерски мерач на далечина, кои се наменети за пребарување, идентификација, следење на цели и мерење на далечина (без вклучување на радарот), а развиен е од компаниите Thales и SAGEM. За сопствена заштита и електронско војување во леталото е вграден системот SPECTRA во чии склоп се сензорите за радарска и ласерска озраченост, систем за детекција на лансирани ракети, лансери за дипол и ИЦ мамки за ракети, уреди за електронско попречување и друго. Од погон во леталото се вградени два турбомлазни мотори Snecma M88-2E4S, секој со максимален потисок од 75 kN при вклучена форсажа. Овие мотори без вклучена форсажа на авионот му овозможуваат супер крстосувачка брзина од над 1 мах, а со вклучена форсажа брзина од 1.8 маха. Во леталото е вграден и помошен погонски уред Rubis 3. За да се зголеми долетот на леталото на предниот десен дел пред кокпитот е поставен приклучок за дополнување на гориво во лет. Исто така развиени се и 2 аеродинамички профилирани резервоари за гориво (секој со капаците од 1150 литри), кои се поставуваат на горниот дел од конструкцијата, помеѓу крилата и трупот, плус на подвесниците за оружје може да понесат и 3 подвесни резервоари за гориво. „Rafal“ има вграден автоматски топ DEFA 791B, со калибар од 30 mm, кој има максимална теоретска брзина на дејство до 2.500 гранати во минута. Леталото поседува 14 носачи за оружје, а морнаричката верзија 13 носачи. За борба со летала може да ги користи ракетите MICA, Magic 2, Super Matra 530 и Meteor, а по потреба и ASRAAM и AIM-120C AMRAAM. За противбродско дејство ги користи ракетите Exocet AM39 и HARPON. Додека за дејство врз копнени цели носи класични гравитациони бомби, повеќецевен лансер на ненаведувани ракети LR68, комбинирано наведувани (GPS/ ласерско) бомби со тежина од 227 kg до 1.000 kg, од типот AASM-HAMMER и Paveway, ласерски наведуваната ракета AS 30L, крстосувачката ракета SCALP EG, антирадарските ракети ALARM и HARM и друго. Од нуклеарно оружје авионот ја носи крстосувачката ракета ASPM. На носачите за оружје може да се постави и извидувачкиот контејнер AEROS RECO NG и повеќенаменските нишански контејнри DAMOCLES и TALIOS, но и подвесен контејнер за дополнување на гориво во лет. Основни верзии на леталото се: Rafal A (едносед прототип), Rafal B (двосед), Rafal C (едносед), Rafal D (едносед со stealth карактеристики) и Rafal M (едносед морнаричка верзија).

Ивица Дамески




1. Радар RBE2
2. OSFспецијален оптичко/ласерски систем составен од пасивен ИЦ детектор, ТВ камера и ласерски мерач на далечина
3. Приклучок за дополнување на гориво во лет
4. Нишански HUD модел VEH 3022
5. Катапулт седиштето Martin-Baker Mk16F 0-0
6. Дополнителни надворешни аеродинамички профилирани резервоари за гориво
7. Куќиште на антената за електронски контра мерки DDM и детекторот за ласерска озраченост од системот SPECTRA
8. Куќиште на антената за електронски контра мерки PDD од системот SPECTRA 9.




9. Турбомлазен моторSnecma M88-2E4S
10. Кука за слетување на брод носач на авиони
11. Носач на оружје
12. Противавионска ракета MICA
13. Противбродска ракета Exocet AM39
14. Крстосувачка ракета SCALP EG
15. Подвесен резервоар за гориво
16. Заден стоен трап
17. Канард
18. Антена за електронски контра мерки АВВМ од системот SPECTRA
19. Антена за детекција од радарска озраченост АРЕХ од системот SPECTRA
20. Телескопски скали за влез во кокпитот
21. Преден стоен трап



| ТАКТИЧКО- ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА RAFAL | |
|---|---|
| ДОЛЖИНА | 15,3 m |
| ВИСОЧИНА | 5,34 m |
| РАСПОН НА КРИЛАТА | 10,8 m |
| ПОВРШИНА НА КРИЛАТА | 45,7 m² |
| ТЕЖИНА ПРАЗЕН | 10.3 тони |
| МАКСИМАЛНА ПОЛЕТНА ТЕЖИНА | 24,5 тони |
| ВНАТРЕШНО ГОРИВО | 4,7 тони (надворешно 6,7 тони) |
| НОСИВОСТ НА ОРУЖЈЕ | 9,5 тони |
| ПОГОН | 2x Snecma M88-2E4S, секој со моќност од 50kN (без форсажа), 75 kN (со форсажа) |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА | 1.8 маха |
| БРЗИНА НА ИСКАЧУВАЊЕ | 305 m/sek |
| БОРБЕН РАДИУС | до 1.300 km |
| МАКСИМАЛЕН ДОЛЕТ | 3.700 km (со 3 подвесни резервоари) |
| ПЛАФОН | 15.240 m (16.764 m  верзија М) |
| СТАЗА НА ПОЛЕТУВАЊЕ/ СЛЕТУВАЊЕ | 500 m / 450 m |




# „Olifant"
## Африканскиот „Sledge Hammer Mk1B"

Основниот борбен тенк „Olifant Mk1B" е комплетна обнова на тенкот „Olifant Mk1A", адаптирана на африканскиот борбен простор и на научените лекции од Јужноафриканската погранична војна (1966-1989). Овој тенк беше дизајниран и произведен во време кога Јужна Африка е под многу строги меѓународни ембарга поради нејзината политика на сегрегација (Apartheid). Историскиот бекграунд се потпира и на Студената војна во Јужна Африка, кога се забележува пораст на ослободителните движења поддржани од страна на комунистичките земји од Источниот блок, како што се тогашниот Советски сојуз и Куба.
За разлика од „Olifant Mk1A" кој е надградба на трупот на „Centurion Mk.3/5", тенкот „Olifant Mk1B" беше целосно обновен, надминувајќи ги карактеристиките на основниот борбен тенк „Centurion".

Африканскиот основен борбен тенк „Olifant Mk1B" е именуван според африканскиот слон „Olifant". Африканскиот слон е најголемото копнено животно и слично на тоа и основниот борбен тенк „Olifant" беше најтешкото воено возило во некогашните јужноафрикански одбрансени сили (SADF- South African Defence Force), како и денес во Јужноафриканските национални одбрансени сили (SANDF- South African National Defence Force)

Развојот на тенкот „Olifant Mk1B" започна набрзо по започнувањето на производство на тенкот „Олифант Мк1" во 1981 година. Компанијата „Olifant Manufacturing Company - OMC" започна да дизајнира и создаде привремен основен борбен тенк кој ќе ги унапреди недостатоците на тенкот „Olifant Mk1A" како што се слабиот оклоп, лошата мобилност, огнената моќ и даночните побарувања за одржување. Тенкот „Olifant Mk1B" е дизајниран за да може да се соочи со борбените тенкови Т-55, Т-62, и Т-72А соодветно опремени со главни топови од 100mm, 115mm и 125mm. Според тоа, примарниот фокус е ставен на оклопната заштита, проследено со подобрување на способностите на огнената моќ, потоа мобилноста и на крај намалување на одржувањето на возилото и заморот на екипажот.
Почнувајќи од 1991 година, вкупно се изградени 44 тенкови од типот „Olifant





Mk1B“ од кои 2 се прототипови. Дизајнот, развојот и производството на основниот борбен тенк „Olifant Mk1B“, беа преземени поради зголемениот број на советски тенкови во Јужна Африка. Особено се стравуваше од тоа дека кубанските сили под покровителство на Советите во Ангола ќе испорачаат тенкови Т-72А. Можното распоредување на тенкови од типот Т-72А бараше многу подобро заштитени, помобилни и посмртоносни тенкови од „Olifant Mk1A“.
„Olifant Mk1B“ може да совладува водни препреки од длабочина од 1,2m без претходни подготовки. Што се однесува пак до прашањето на мобилноста тенкот „Olifant Mk1B“ го задржува „Continental 29 liter turbo-charged V12 diesel“ мотор од тенкот „Olifant Mk1A“. Подобрувањата на моторот овозможија дополнителни 100hp кои вкупно изнесуваа 850hp, со што се зголеми соодносот hp/t од 13.39hp/t до 14.4hp/t. Потребно е подобрување со оглед на тоа дека „Olifant Mk1B“ тежи 3 тона повеќе од „Мк1А“. Новата автоматска трансмисија наречена „AMTRA 3“ беше составена од „Gear Ration“ и инсталирана на „Olifant Mk1B“ која обезбеди двојно диференцијално управување (четири брзини за напред и две за назад), двостепен механички управувачки погон и хидрауличен успорувач (ретардер). Подобрувањето од дополнителни 100hp и новиот автоматски менувач му овозможија на „Olifant Mk1B“ да достигне максимална брзина на патот од 58km/h, што беше дополнително подобрување во однос на „Мк1А“ каде максималната брзина на движење беше 45km/h. Суспензијата на стариот „Centurion Horstmann“ заменета е со нов систем на суспензија со торзиона лента со хидраулични амортизери кои обезбедуваат целокупно подобрување на движечките тркала од 300-400 % во споредба со „Мк1А“. Телескопските амортизери се поставени на предната и на двете задни станици за да се намали нишањето при запирањето на тенкот. Капацитетот на гориво остана ист како кај „Olifant Mk1A“1240 литри, затоа „Olifant Mk1B“ има автономија од 350km на пат, 240km надвор од патот и 150km на песок.

Јужноафриканската Република е единствениот корисник на тенковите „Olifant Mk1B“, од кои дури 26 тенка се надоградени до „Мк2“ стандард во 2005 година. Моментално 12 тенкови „Olifant Mk1B“ се наоѓаат во складиштето на 1. јужноафрикански тенковски полк

Со редизајнирање на трупот, моторниот простор беше проширен, овозможувајќи поголем простор за полесно одржување и по потреба отстранување и замена на целиот мотор. Со проширувањето на одделот за моторот дојде до продолжување на вкупната должина на трупот, додадене е дополнителна лента за врска (гасеница) со што се доведе до вкупно 109 гасеници од секоја страна. Тенкот е опремен со впрегнат митралез 7,62mm со 2000 куршуми подготвени за употреба, со што ги заменува 200 мунициски кутии кои се употребуваа кај „Мк1А“. Може да носи најмалку 6000 куршуми 7,62mm. Тенкот Mk1B го карактеризира тактичка радиокомуникација која овозможува сигурно КиК со што се зголемува ефектот на сила на бојното поле. Врз основа на лекциите научени за време на Јужноафриканската гранична војна со „Olifant Mk1A“, „Olifant Mk1B“ има два





резервоари за вода за пиење (еден лево и еден десно) внатре во куполата со вкупен капацитет од 101 литар. До водата може да се пристапи од станиците на командирот и на послужителот на тенкот, со што се намалува потребата да се напушти тенкот за да се стигне до вода за пиење. Додавањето на вентилаторот за издувни гасови помогна за чистење на внатрешниот оддел на посадата од вишокот на издувните гасови на главниот топ. Исто така беа поставени нови и поудобни седишта за намалување на заморот на екипажот.

Тенкот „Olifant Mk1B" го опслужува четиричлена посада составена од командир, нишанџија, возач и послужител. Местото на командирот се наоѓа на десната страна на куполата, и се состои од купола која нуди поле на визуелизација од 360 степени низ 6 блокови за вид. Влезот и излезот од станицата на командирот преку отворот со капак. На десната страна од куполата веднаш под станицата на командирот е станицата на нишанџијата која е опремена со дневни и ноќни нишани, а лево од куполата се наоѓа послужителот на тенкот. Послужителот исто така поседува и перископ за подобар преглед на целокупната ситуација. Станицата на возачот доби ергономски ремонт и нова дигитална табла за инструменти и управувач од типот на јарем кој ја подобрува удобноста и го намалува заморот на возачот. Видливоста на возачот се подобрува со додавање на трет перископ со што се подобрува свеста за ситуацијата. Централниот перископ може да се замени со пасивен ноќен возен перископ кој овозможува полна дневно/ноќна способност. Возачот може да влезе и излезе преку новиот единечен отвор со капак или преку отворот за итни ситуации на подот од тенкот.

Тенкот „Olifant Mk1B" го задржа 105mm GT3B жлебаст топ од јужноафриканско производство (L7), произведен од страна на „Lyttleton Engineering Works-LEW". Новиот термички втиснувач и аспираторот за гас помагаат за подобрување на постојаната прецизност при испукување и намалување на опаѓањето на цевката од топлина за околу 70-90%. Гранатите од типот M456 (High Explosive Antitank -HEAT) можат ефикасно да навлезат 420mm од валан хомоген оклоп (RHA) во кој било домет. Исто така се користи и (Armour Piercing Fin-stabilised Discarding Sabot-APFSDS) со можност за пенетрација од 580mm од валан хомоген оклоп (RHA). Целата муниција за главниот топ се увезува, со исклучок на муницијата (High Explosive-HE), која ја произведува компанијата „Denel" во Јужна Африка. Проектилите од типот M9210 HE кои ги произведува „Denel" содржат полнење TNT/HNS со ефективен радиус на експлозија од 17m. Безбедноста е подобрена со вкупно 65 гранати за главниот топ што се чуваат во заштитени сандаци во складишен простор под прстенот на куполата. Просторот во куполата е проширен со што се добива поголем простор за чување на опремата на екипажот. Над главниот топ додаден е инфрацрвен/бел рефлектор.

Во 1990 година SADF му наложија на „Reutech Systems" да развие нов систем за контрола на огнот, за да се замени 30-годишниот систем на „Olifant Mk1A". Системот за контрола на огнот е познат како „High Frequency Tank Fire Directing System-HIFF" и се состои од најсовремени (временски) балистички компјутерски системи и електронски управувачки погон споен со систем за контрола на допир и сензори кои прецизно ги мерат метеоролошките услови како што се температура на околината, брзина на ветерот од сензорите на околината кои би можеле да влијаат на точноста на огнот од главниот топ. Новиот систем му овозможува на нишанџијата да селектира цел и за помалку од две секунди системот за контрола на огнот ќе пресмета решение за оган и ќе го извести нишанџијата преку светло „подготвен за оган" дека главниот топ е на целта и дека е подготвен за испукување. Системот исто така може да погоди мета во движење додека





самиот се движи со прилагодување на целите на главниот топ, откако ќе ги инкорпорира далечината до целите, брзината и релативната брзина со што ќе ја максимизира веројатноста за погодок со првиот удар. Нишанџијата го користи „Eloptro 8x“ дневниот нишан со интегриран балистички компјутер. Монтиран е и ласерски далечинометар, со прецизност од 10km.
Откако се утврди дека тенкот „Olifant Mk1A“ е ранлив на тенковите Т-55, Т-62 и Т-72А од советско производство, беше извршена надградба на тенкот Мк1В. Тенкот „Olifant Mk1B“ го задржа оригиналниот оклоп на својот претходник кој се состоеше од 118mm на фронталниот гласис на 60 степени, 152mm на фронталната купола, 51mm странично, 40mm на врвот и 19mm на задниот дел. Инсталациониот програм за надградба на оклопот имаше неколку пасивни композитни оклопни пакети преку плочата на фронталниот глацис и куполата (напред, странично и на врвот). Сепак, вкупната дебелина на надградбата

Тенкот „Olifant Mk1B“ беше скок напред во заштитата, мобилноста и огнената моќ над својот претходник „Olifant Mk1A“. Меѓутоа се појавија неколку проблеми како што се слабиот однос на сила и тежина и неуспехот на главниот топ да ги надмине перформансите на „Мк1А“. Освен тоа, не е постигнато саканото подобрување на способноста за борба. Овие недостатоци ги мотивираа SANDF да бараат понатамошни подобрувања што доведоа до „Olifant Mk2“

на пакетот за оклоп и неговиот состав се класифицирани, со оглед на нивото на закана, би било оправдано да се тврди дека тоа е доволно за справување со проектили од типот 115mm (HEAT), користени од страна на советските тенкови Т-62. Бидејќи е модуларен, пакетот со додатокот на оклоп може да биде заменет на бојното поле ако е оштетен. Понатаму, заканата на „Olifant Mk1A“ од ракетни гранати како што се RPG-7, е негирана со наведената надградба на оклопот кај Мк1В. Оклопните челични заштити во вид на здолниште кај „Мк1А“, редизајнирани овозможуваат полесно отстранување додека сѐ уште обезбедуваат дополнителна заштита од RPG-7.
Постојаните закани од нагазните мини во Јужна Африка побаруваа додавање на двоен оклопен под (со торзиони шипки меѓу подните плочи).
Нов систем за сузбивање на пожар (автоматски и рачно) е инсталиран во одделот за екипажот и во моторното одделение, за намалување на веројатноста од катастрофален пожар или експлозија во случај тенкот да биде погоден. Местата за сместување на чадните гранати биле подложни на оштетување при возењето низ густата вегетација, што го охрабрувало нивното преместување во задниот дел на трупот кај варијантата Мк1В. Поставени се две банки со по четири фрлачи на димни гранати. Дополнително тенкот „Olifant Mk1B“ може да генерира димна завеса со вбризгување на гориво во издувните гасови на моторот. Предните светла се оклопени, со што дополнителната тежина од претходната варијанта надминува нешто повеќе од 3 тона.
Два „Olifant Mk1B“ тенкови за поставување на мост (Bridge Laying Tank -BLT) беа изградени од страна на инжинерискиот корпус на вработените во SANDF.

Идриз Идризоски

| СПЕЦИФИКАЦИИ НА ТЕНКОТ „OLIFANT MK1B“: | |
|---|---|
| ДОЛЖИНА: | 8,30 метри; |
| ШИРОЧИНА: | 3,43 метри; |
| ВИСИНА: | 3,04 метри; |
| ТЕЖИНА: | 59 ТОНИ; |
| ПОСАДА: | 4; |
| ВООРУЖУВАЊЕ: | 105mm GT3B semi-automatic quick firing gun (L7) |
| МОТОР: | 1 × 7.62mm co-axial Browning MG; |
| АВТОНОМИЈА НА ОПСЕГ НА ПАТ/НАДВОР ОД ПАТ: | 350km/240km; |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА НА ПАТ/НАДВОР ОД ПАТ: | 58 KPH/30 KPH; |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА НАКЛОН | ОД 60%; |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА СТРАНИЧЕН НАКЛОН | 30%; |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА РОВ: | 3,5 м; |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА ВЕРТИКАЛНА ПРЕПРЕКА: | 0,9 м; |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА ВОДЕНА ПРЕПРЕКА: | 1,2 м. |



# Израелски ракетен систем „SPYDER“



Ракетниот систем за противвоздушна одбрана земја-воздух „SPYDER“ („Python“ и „Derby“) од краток и среден дострел, е развиен од страна на израелската компанија „Rafael“ и израелската воздухопловна индустрија (Israel Aircraft Industries - IAI), а со цел да ги задоволат барањата на израелската армија. Во моментов овој ракетен систем се наоѓа во вооружување на армиите на: Грузија, Индија, Перу и Сингапур. Грузија беше првата земја што го купи овој систем за противвоздушна одбрана. Ракетниот систем „SPYDER“, за прв пат во борба бил употребен во 2008 година за време на Руско-Грузиската војна. Овој систем за противвоздушна одбрана ги соборил рускиот извидувачки авион „Ту-22МР“ и авионот за блиска огнена поддршка на копнените сили „Су-25“. Индиската армија го избра овој ракетен систем за противвоздушна одбрана во 2006 година, а договорот за набавки беше потпишан во 2008 година. До сингапурските воздухопловни сили, првите системи за противвоздушна одбрана од овој тип беа доставени во 2011 година. Исто така, ракетниот систем „SPYDER“ беше испорачан на Перу

Ракетниот систем за противвоздушна одбрана „SPYDER“ е уникатен од неколку аспекти. Тој е единствениот ракетен систем кој лансира два различни видови на ракети од истата рампа за лансирање



Ракетниот систем „SPYDER“ може да работи како самостојна единица или да биде интегриран во проширена форамција за противвоздушна одбрана со различни компоненти





во текот на 2014 година. Овој ракетен систем го замени претходникот - ракетниот систем со ознака „RAPIER“.
Ракетниот систем за противвоздушна одбрана „SPYDER“ е уникатен од неколку аспекти. Тој е единствениот ракетен систем кој лансира два различни видови на ракети од истата рампа за лансирање. Суштинската идеја за создавање на овој систем беше да се направи што е можно поедноставен борбен систем, во однос на моделот на израелската армија. Тој главно се базира на користење од страна на резервниот состав, така што дури и не многу искусни и недоволно квалификувани војници би можеле да ракуваат со системот.
Ракетниот систем „SPYDER“ користи два типа на ракети земја-воздух со ознака „Python 5“ и „Derby“, исто така дизајнирани од страна на компанијата „Rafael“. Во суштина, ова се ракети од типот „воздух-воздух“, модифицирани за да се користат како ракети „земја-воздух“. Ракетата со краток дострел со ознака „Python 5“ има домет од 15 км, плафон на лет до 9 км и максимална брзина на лет на ракета до 4 Mah. Таа поседува два канали за наведување, покрај инфрацрвениот има и фотоконтрасен канал за наведување. Оваа ракета може да идентификува широк спектар на закани од воздушен простор. Ракетата со ознака „Derby“ е ракета со краток до среден дострел. Таа има активна глава за наведување на целта со користење на радио фреквенција. По лансирањето, врши зафат на целта, потоа ја следи и ја уништува целта. Ракетата „Derby“ има домет до 50 км, плафон на лет до 16 км и максимална брзина на лет на ракета до 4 Mah. Двата типа на ракети и „Derby“ и „Python 5“, се самонаведувани на воздушни цели и тие не оставаат трагови од чад. Поради тоа е отежнато визуелното откривање на ракетите и нивната позиција на лансирање, односно огнената позиција.
Ракетниот систем со ознака „SPYDER SR“ претставува систем со краток дострел. Возилото за лансирање на ракети има лансирна рампа со можност за поставување на 4 ракети. Ракетите се лансираат под одреден агол. Во текот на 2006 година беше воведена во употреба верзијата со ознака „SPYDER MR“, која има среден домет. Лансирното возило има капацитет за поставување на максимум 8 ракети. Сите ракети се опремени со ракетни мотори за зголемување на дометот. Поголемиот број од елементите на системот се идентични кај двете верзии на системот „SPYDER“. Ракетниот системот „SPYDER MR“, дополнително е поддржан од страна на набљудувачки радар со високи перформанси поставен на камион, што обезбедува поголем домет. Двете верзии од овој систем имаат способност истовремено да бидат вооружени со двата типа на ракети во различни комбинации.
Системот за противвоздушна одбрана „SPYDER“ е многу агилен систем. Тој е монтиран на возила со голема мобилност, а неговата лансирна рампа е ротирачка и ротира во круг од 360 степени.
Ракетниот систем „SPYDER“ може да работи како самостојна единица или да биде интегриран во проширена форамција за противвоздушна одбрана со различни компоненти. Комплетен состав на ракетниот систем за противвоздушна одбрана „SPYDER“ вклучува: едно возило за командување и контрола со радар, 6 возила со лансирни рампи, две возила за снабдување со ракети и едно теренско возило. Секое возило со лансирна рампа може да биде вооружено со по 4 ракети. Во рамките на една ракетна батеријата „SPYDER MR“, дополнително има и набљудувачки радар со високи перформанси - монтиран на камион. Возилата на кои се монтирани лансирните рампи помеѓу себе имаат податочен линк, што обезбедува распоредување на растојание до 10 км од позицијата на возилото за командување и контрола.
Ракетна батерија вооружена со системот „SPYDER“ има способност за време помалку од 5 минути да ја организира и воспостави структурата (мрежата) за противвоздушна одбрана. Откако ќе се постави батеријата во борбена позиција, првата ракета може да биде лансирана за помалку од 5 секунди. Радарите на овој ракетен систем овозможуваат системот да работи во услови на ден и ноќ и во сите временски и метеоролошки услови.
Системот има три типа на режими на работа. Во рачниот режим, операторот ја избира откриена цел и лансира ракета по таа цел. Во полуавтоматски режим, системот ја наоѓа, идентификува и следи целта, додека пак операторот треба само рачно да ја лансира ракетата. Во автоматски режим, самиот систем лансира ракета веднаш штом ќе открие и идентификува непријателски воздухоплови.
Системот за противвоздушна одбрана „SPYDER“ може да се постави на различни шасии, по избор на купувачот. Грузискиот „SPYDER“ е монтиран на шасија на камион „ROMAN“, со влеча 6x6. Лансирните рампи на индискиот „SPYDER“ се монтирани на шасија од возило „Tata“, со влеча 6x6, додека пак командно возило со радар е монтирано на шасијата од возилото „Tata“, со влеча 8x8. Лансирните рампи на сингапурскиот „SPYDER“ се монтирани на шасија на возило „MAN TGS“, со влеча 6x6, а командно возило е на шасијата на „MAN“, со влеча 8x8. Исто така, овој ракетен систем е поставен на возилата „Tatra“ 6x6, „Mercedes-Benz Actros“, со влеча 8x8 или било која друга соодветна шасија.

Трајче Денчевски



# „Антонов 2“
## Советски повеќенаменски авион

Авионот „Антонов 2“ или „Ан-2“ (руски прекар: „Annushka“ или „Annie“) е симбол на советската конструкторска школа после Втората светска војна. Се употребува повеќе од половина век пред сè во земјоделската и шумарската област. После војната, Министерството за земјоделство при СССР имало намера да дизајнира повеќенаменски авион кој ќе се употребува за третирање земјоделски површини со цел добивање поголеми приноси во аграрот, а од друга страна да се превенира и во заштитата на шумскиот фонд. Поради големото искуство од Втората светска војна, конструкторите на „Antonov Design Bureau“ успеале релативно бргу да осмислат двокрилен авион со еден мотор, кој за првпат полетал на 31 август 1947 година

Авионот „Антонов 2“ и сè уште е во служба во воените и цивилните оператори ширум светот. Денеска во повеќе земји постојат голем број достапни воздухоплови од овој тип. Тоа значи дека цените се доста ниски односно околу 30 000 евра за примерок. Ова ги прави идеални за светот во развој, каде што нивната способност за пренос на големи товари на кратки аеродроми ги прави особено атрактивни. Посебно се актуелни за работа во Африка, Централна и Јужна Америка, Куба и Југоисточна Азија. Во 2013 година, „Antonov Design Bureau“ добил нарачки за надградба на стотици авиони „Ан-2 кои сè уште работат во Азербејџан, Куба и Русија до верзијата за надградба Ан-2-100.

Никој не ни помислувал на популарноста која ќе ја стекне овој авион за кратко време. Како повеќенаменски се употребувал за третирање на земјоделски површини, шумски пространства, превоз на патници и карго, исфрлање на падобранци, за прскање на култури, итна медицинска помош, научни верзии за земање примероци во атмосферата, за борба против шумски пожари, за воздушно извидување, географски истражувања, за аеро фото снимања, а постојат и лесно вооружени борбени верзии. Кога е празен авионот, со сила од 1000 кс се има чувство на моќ за управување со една огромна машина. Двата реда на крила му даваат голема поткревна сила и иако е инертен сепак остава простор за лесно полетување и слетување. Главната предност на Ан-2 е тоа што овој воздухоплов може да полетува и да слетува од мали или импровизирани писти. Потребна му е површина со должина од околу 350 метри и брзина од 105-110 км/час за да може да полета. Со користење на закрилцата и кочниците, се слетува на површина од само 180-200 метри. Поради големата површина на крилата, доста е осетлив на странични ветрови. Постои и хидро верзија, за полетување и слетување на водени површини со користење на пловки. Одредени специјализирани варијанти се изградени за работа во екстремни средини и ладно време со поставени скии за полетувањето и слетувањето. Во Гинисовата книга на светски рекорди се вели дека полувековното производство на Ан-2 е најдолго за било кој авион. Постои и експонат кој слетал на Северниот пол на 13 април 1998 година.




Во периодот помеѓу 50-ите и 60-ите години на минатиот век, произведени се околу 5000 парчиња од овој тип во Киев. Десет години подоцна, Кина ја купува лиценцата и започнува сопствено производство на околу 1000 модели. По ист пат тргнува и Полска каде во текот на целиот производствен процес се направени повеќе од 8300 модели на авионот Ан-2. Намерата била да се создаде конвенционален, едноставен, практичен, робусен и евтин воздухоплов за повеќе задачи (повеќенаменски воздухоплов). Неговата извонредна издржливост, високата моќност за кревање товар со оглед на големата површина на крилата и способноста за полетување и слетување од лошите и кратки писти, допринеле овој авион да биде произведуван до 2001 година



Пилотската кабина е опремена со 2 седишта, со широк и сеопфатен поглед надвор од кабината поради големи површини од плекси-стакло. Опремена е со основни инструменти за навигација и следење на моторните параметри, со вентилација и сопствено греење. Позади кабината се наоѓа простор за патници или карго со можност да се поставaт 10 до 12 седишта за патници. Крилата се дизнирани со метални оквири и обложени со специјално платно.
Ан-2 има такви карактеристики што го прави погоден за работа во оддалечените области со несредени писти/патеки за слетување. Вграден му е пневматски систем за сопирање (сличен на оној што се користи кај тешки возила) за да застане на кратки писти. Авионот има воздушна линија опремена со компресор, така што притисокот во гумите и амортизерите може да се прилагоди без потреба од специјална опрема. Батериите се големи и лесни за отстранување, а на авионот не му е потребна дополнителна струја за напојување. Исто така нема потреба од надворешна пумпа за гориво за полнење на воздухопловот, бидејќи има вградна пумпа која му овозможува едноставно полнење на резервоарите. Во случај на самоисклучување на моторот во инструментални услови или во текот на ноќта, пилотот треба да ја одржува брзината и кога истата ќе се спушти до околу 40 км/час, тој ќе започне еден вид „падобранско спуштање“ се додека не удри на земјата. Авионот Ан-2 може да лета со целосна контрола на 48 км/час (за разлика од тоа, модерен авион лета со брзина од околу 80 км/час). Оваа мала брзина овозможува авионот да лета наназад. Така доколку брзината на ветерот е 56 км/час, тој ќе помине наназад со 8 км/час под целосна контрола.
Авионот „Антонов 2“ е присутен и на нашите простори. Македонската армија поседува модел од овој авион, кој пред се е атрактивен и за западните земји. Дел од нив, па и САД го имаат користено за падобранска обука. За ставање во оперативност пред неколку години, а после неколку месеци поминати во Бугарија беше извршен капитално обновувачки ремонт. После тоа овој транспортен авион се врати во Македонија со одлична шема на боење и навистина застрашувачка „уста од ајкула“ на носната површина. Овој легендарен Антонов изгледа исклучително посебно и секогаш предизвикува заинтересираност и воодушевување кај странските делегации.
Вакви авиони поседуваат и цивилни компании и здруженија во Македонија кои се користат пред се за аеро третирање на земјоделски површини, третирање на богатиот шумски фонд се до употреба во урбаните средини за прскање против разни инсекти.

Потполковник Драган Павловски

| ГЕНЕРАЛНИ КАРАКТЕРИСТИКИ | |
|---|---|
| ПОСАДА: | 1 до 2 пилоти |
| ПАТНИЦИ: | до 12 седишта |
| ДОЛЖИНА: | 12.4 м |
| ВИСИНА: | 4.1 М |
| ТЕЖИНА НА ПРАЗЕН АВИОН: | 3 300 КГ |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА: | 258 км/час |
| ПЛАФОН НА ЛЕТ: | 4 500 м |



# „Bump Stock“
## Адаптер за автоматски оган

Стравичниот масакр кој се случи во неделата на 1 октомври 2017 година во Лас Вегас на фестивал на кантри музика ја шокира светската јавност и ги обнови дилемите околу достапноста на одредени модели на огнено оружје. Убиени беа 59 лица, а повеќе од 500 беа ранети кога од изнајмена соба на 32 спрат на хотелот „Менделеј бej“ злосторникот отворил оган врз посетителите на музичкиот фестивал во непосредна близина на хотелот. Полициските извештаи покажуваат дека дејствувал во период не помал од десет минути и испукал повеќе стотини куршуми наменети за употреба во пушките со АР15 платформа. Брзината на стрелбата довело до тоа, некои да претпоставaт дека убиецот користел целосно автоматско огнено оружје. Со Законот за заштита на сопствениците на огнено оружје од 1986 година, Конгресот на САД ја забрани продажбата на ново целосно автоматско огнено оружје, но оние што

> Овие уреди вообичаено чинат помалку од 200 долари и овозможуваат за седум секунди да бидат испукани речиси 100 куршуми со голема брзина. Тие можат да се купат без дополнителни детални проверки потребни за автоматско оружје

се произведени пред тој датум сè уште се достапни, но купувачот поминува низ проверка на ФБИ. Аудио записот од местото на злочинот недвосмислено докажува дека наизменично пукал и со поединечен и со брз оган, а двете пушки кои се гледаат на фотографиите покрај неговото безживотно тело се оружјето кое го користел. Полицијата на лице место пронашла 20 пушки, како и мноштво наполнети рамки со муниција. Најверојатно убиецот употребил само две пушки кои ги произведува една американска фирма „Daniel Defense“ врз основа на американската јуришна пушка АР15. Уште од шеесетите години на минатиот век, оваа платформа под името М16 е главно пешадиско оружје на американската војска, а варијанти прилагодени за цивили се продаваат низ САД во милионски број. Обично во прашање се полуавтоматски верзии, кај кои селекторот на оган оневозможува рафално дејство без стручна доработка на раздвојувачот, а одредени производители намерно изработуваат функционални делови така да не бидат изменливи со воените пушки со автоматски режим на оган.
Меѓутоа, во оваа прилика, убиецот на една од пушките користел дополнителен уред познат под името „Bump Stock“ кој овозможува рапидно брз оган.
На фотографиите од местото на злосторството може да се забележи една од пушките модел „DDM4“, во калибар 5,56x45 mm НАТО, со подолга цевка, рефлексен нишан со помало



Уредот „Bump Stock“ го заменува стандардниот кундак и ракофатката на полуавтоматската пушка. Овој уред во форма на кундак со ракофатка овозможува оружјето брзо да се движи напред и назад, искористувајќи ја енергијата од повратното дејство на оружјето по испуканиот куршум

зголемување и предна вертикална ракофатка. Токму на неа е монтиран „Bump Stock“ додаток, со кој се овозможува голема брзина на стрелба и им овозможува на полуавтоматските пушки да пукаат со брзина слична на автоматските пушки. Уредот „Bump Stock“, е дизајниран да симулира автоматски оган, без никакви механички промени на функцијата на пушката на начин кој би ја направил незаконска според сегашниот федерален закон. Се работи за уред кој во САД го произведуваат две фирми „Bump Fire Sistems“ и „Slide Fire“ со кој полуавтоматските пушки се претвораат во целосно автоматско оружје и им овозможува да пукаат со голема брзина, слична како кај автоматското оружје. Овие уреди вообичаено чинат помалку од 200 долари и овозможуваат за седум секунди да бидат испукани речиси 100 куршуми со голема брзина. Тие можат да се купат без дополнителни детални проверки потребни за автоматско оружје. Ваквите уреди се одобрени од Бирото за алкохол, цигари и огнено оружје за време на администрацијата на поранешниот претседател Барак Обама. Овој уред во САД, според федералниот закон, не е забранет иако дозволува полуавтоматското оружје да пука речиси со иста брзина како и митралез без никакви технички преправки на него. Во САД, за приватни државјани е незаконски да поседуваат целосно автоматско оружје произведено по 19 мај 1986 година, а за сопственост на постари модели потребна е федерална лиценца. Класификацијата на овие уреди зависи од тоа дали тие механички ја менуваат функцијата на полуавтоматското оружје во целосно автоматско. Управата за алкохол, тутун, огнено оружје и експлозиви, која издава дозвола за продажба на овие уреди, истакнува дека уредот „Bump Stock“ симулира автоматска стрелба и дека всушност не го менува полуавтоматското оружје во автоматско, со што е законско според сегашниот федерален закон. Уредите „Bump Stock“ се ефтина и легална опрема која може да се монтира на полуавтоматско оружје, дозволувајќи им на сопствениците на оружјето брзо да отвораат оган, без да го повлекуваат чкрапалото за секој куршум.

Уредот „Bump Stock“ го заменува стандардниот кундак и ракофатката на полуавтоматската пушка. Овој уред во форма на кундак со ракофатка овозможува оружјето брзо да се движи напред и назад, искористувајќи ја енергијата од повратното дејство на оружјето по испуканиот куршум. Кундакот овозможува оружјето да се движи напред и назад меѓу рамото на стрелецот и неговиот прст на чкрапалото, предизвикувајќи пушката брзо и непрекинато да пука. Стрелецот го држи својот прст на уредот кој е малку пред чкрапалото, го држи цврсто оружјето за навлаката на цевката или за дополнително монтирана предна ракофатка, притискајќи го кундакот на рамото контролирајќи го повратното дејство со раката на ракофатката додека пука. Ако правилно се употребува, овој уред може да ја зголеми брзината од 45 до 60 куршуми во минута, на меѓу 400 и 800 куршуми во минута. Со оружјето опремено со овој уред е тешко да се управува и тие се непопуларни кај ентузијастите за оружје. Стрелецот мора да го одржува тој став цело време и исто така, треба да се спротивстави на интензивното повратно дејство кое го турка торзото назад, како и на топлината што зрачи од цевката. Дури и за напреден стрелец е тешко прецизно да ја погоди целта и воопшто не е лесно како што се мисли. Поради ставот на телото и како треба да се држи, пукањето е заморно, а оружјето е многу тешко да се контролира. Комбинирајќи го со еден од оние барабани со 100 куршуми, во суштина имате митралез во вашите раце. Повратното дејство додека се користи уредот ја прави пушката многу непрецизна.

Практично полуавтоматската пушка злосторникот ја претворил во оружје кое испукува рафали со теоретска брзина од 400 до 800 куршуми во минута. Поради нестабилноста на склопот, прецизноста е драстично намалена во однос на класичната автоматска пушка, но во овој случај тоа не му пречело да од големо растојание убие и рани повеќе од 500 посетители на кантри фестивалот. Кога на тоа ќе се додаде податокот дека пушката која ја користел имала рамка со голем капацитет од 60, а можеби и 100 куршуми, лесно се објаснува големата количина на испукана муниција. Тој од прозорот на хотелската соба имал прегледна цел и само требало пушката да ја насочи кон непрегледната маса од преку 20.000 луѓе. Токму тоа е и причината на толкавиот број на жртви,



бидејќи зрната претежно погодувале во главите и градите на луѓето збиени во масата. Другата пушка од која отварал оган најверојатно е ДД5 на истиот производувач, но во појак калибар 7,62x51 mm НАТО, исто така врз платформа од АР15, но со оптички нишан со поголемо зголемување и ногарки заради постабилно нишанење. Таа немала монтиран „Bump Stok“ уред, што е разбирливо бидејќи би се намалила нејзината најважна карактеристика – прецизен оган во единечна стрелба. Според чаурите на подот и аудио записот, злосторникот со неа отворал оган после празнењето на еден или повеќе рамки со муниција од ДДМ4, сакајќи примарната пушка да се излади и така да избегне застој. Навистина, на располагање имал уште 20 пушки и еден пиштол, но очигледно намерно ги избрал наведените две како средство за извршување на масакрот.

Александар Стојчевски




# Заштита и спасување во Европска унија

Механизмот за цивилна заштита во ЕУ е воспоставен во 2001 и се занимава со подобрување на заемната помош меѓу земјите-членки во случај на природни и технолошки катастрофи. Тој ги утврдува средствата од страна на една земја-членка која може да побара помош од други земји-членки во случај на катастрофа која наметнува сериозна физичка штета или опасност за луѓето, имотот или животната средина и јасно ги надминува сопствените способности на таа земја-членка, во согласност со начелото на супсидијарност. Во моментов ги вклучува сите земји-членки на ЕУ и Исланд, Црна Гора, Норвешка, Србија, Македонија и Турција. Во случај на катастрофа, помошта ќе биде во форма на испраќање на тимови за помош, опрема и материјали.
За реализација на оваа функција предвидени се следниве алатки: Центарот за следење на информации-Monitoring Centre for information-MCI), Комуникациски информационен систем за заеднички итни случаи (Communication Information system common emergency-CECIS), Модули на ЦЗ и Програми за обука за ЦЗ.
Центарот за следење на информации (MCI) е управуван од страна на Генералниот директорат за животна средина на Европската комисија. Тој им дава на земјите пристап до платформа за прибирање на информации за ЦЗ и за средствата на располагање на сите земји-членки. Кога ќе се случи голема катастрофа, земјите-членки или трети земји можат да испратат барање за помош до MCI. Покрај тоа, MCI ги обезбедува земјите-учеснички со информации како се развива ситуацијата на терен. Може, исто така, да испрати експерти на самото место, со цел да се проценат потребите и да





се координира дојдовната помош на самиот терен. MCI е помогнат и од Заедничкиот истражувачки центар на ЕУ, кој обезбедува техничка поддршка преку моделирање, сателитска апликации и интегрирана анализа. Комуникација меѓу земјите-учеснички во итни случаи е обезбедена од страна на CECIS, преку апликација за безбедна сигнализација и известување. CECIS обезбедува интегрирана платформа за примање и испраќање податоци и известувања за помошта која е потребна, начинот како да се понуди помош, а исто така служи за размена на други информаци и цели.

Последните години Комисијата и земјите-членки работат заедно на имплементација на модулите за ЦЗ. Тие претставуваат придонес за способност на ЦЗ за брза реакција. Видовите на модули, како што се: за транспорт, за прочистување на вода, за прочистување на воздух, за противпожарна заштита, урбанистички пребарувања и спасу¬вање, тимови за техничка помош и поддршка, тимови за проценка, тимови за координација итн., може да ги поддржи MCI. Во овој правец до сега се регистрирани повеќе од 90 модули.

Програмата за обука, е креирана со цел подобрување на координа¬цијата на ЦЗ во интервенции и обезбедување на компатибилност меѓу тимовите за интервенција од земјите-учеснички. Тоа, исто така, ги подобрува вештините на експерти кои се вклучени во операциите за ЦЗ преку размена на добри практики. Оваа програма вклучува курсеви за обука и размена на експерти од земјите-учеснички. Програмата за обука е надополнета од страна на голем број симулациски вежби кои се преземаат во рамките на CPM секоја година.

*Идејата за формирање модули за ЦЗ за зајакнување на Европскиот одговор на катастрофи предизвикани од природни непогоди и технолошки несреќи беше лансирана од страна на земјите во пресрет на цунамито во декември 2004 година во Јужна Азија*

Во рамките на европската ЦЗ функционираат: Координативен центар за реакција во итни случаи и Европската медицинска корпус. Координативниот центар за реакција за итни случаи (Emergency response coordination center-ERCC) е оперативен центар на европската ЦЗ кој ги следи итните случаи во целиот свет 24/7, и го координира одговорот на земјите-учеснички во случај на криза. ERCC кој работи во рамките на Одделот на Европската комисија за хуманитарна помош (European Commission Humanitarian Aid-ECHO), е формиран за поддршка и координација на субјектите за побрз одговор при катастрофи внатре и надвор од Европа кои користат средства од земјите-учеснички во Механизмот за цивилна заштита на ЕУ. ERCC има капацитет да се справи со неколку истовремени итни случаи во различни временски зони. ERCC помага да се намали дуплирањето на непотребни и скапи на ресурси. Тој собира и анализира информации во реално време на катастрофата, ги следи опасностите, подготвува планови за ангажирање на експерти, тимови и опрема, и работи со земјите-членки да ги мапираат расположливи







Здравството е еден од основните сектори на ECHO во хуманитарната помош. Повеќе од 300 милиони луѓе секоја година имаат потреба од здравствена хуманитарна помош како резултат на природни катастрофи и конфликти. Со глобалните трендови на климатските промени и стареењето на населението, заедно со зголемување на фреквенцијата и обемот на природните катастрофи и конфликти, овие потреби на хуманитарно здравство се зголемуваат

средства и да ги координира напорите на ЕУ за справување со катастрофи со соодветни понуди за помош согласно потребите на земјата погодени од катастрофи. Европскиот медицински корпус значително ја зголеми достапноста на лекари и медицинска опрема, како одговор на итни ситуации. Официјално почна во февруари 2016 година. Европскиот медицински корпус е дел од капацитетите на Европскиот одговор при катастрофи, како дел од средствата на Механизмот за цивилна заштита на ЕУ, кои влегуваат во т.н. „европски базен на капацитети за одговор". Европскиот медицински корпус има здравствени средства за распоредување во вонредна состојба. До март 2016 година, девет земји-членки (Белгија, Луксембург, Шпанија, Германија, Чешка, Франција, Холандија, Финска и Шведска) придонесоа со специјализирани медицински тимови, полски болници, мобилни лаборатории, и други медицинските капацитети за успешно справување со катастрофи. Тимови на Европскиот медицински корпус може да се мобилизираат за секаков вид на вонредна состојба кои резултираат со здравствени последици по загрозеното население. Кога има катастрофа, екипи на јавното здравје можат да бидат распоредени за да се оцени состојбата и потребите, да се изврши анализа на ризик по јавното здравје, да советуваат за мерките за одговор, или извршување на конкретни задачи. Одредени видови на помош вклучуваат мобилни лаборатории за биосигурност, капацитети за медицинска евакуација и логистичка поддршка. Механизмот на ЦЗ на ЕУ со своите капацитети досега следел повеќе од 300 катастрофи и има добиено повеќе од 200 барања за помош. Тој интервенираше во неколку катастрофи кои се случиле во светот, како на пример: земјотресот во Хаити (2010), нуклеарната катастрофа во Јапонија (2011), тајфунот „Хајан" на Филипините (2013), поплавите во Србија и Босна и Херцеговина (2014), епидемијата на ебола (2014), кон¬фликтот во Украина (2014), земјотресот во Непал (2015), и бегалската криза во Европа (2015-2017). Во ЕК, генералниот директор на Одделот за хуманитарна помош (GD ECHO) е одговорен за хуманитарна помош. Советот со Регулативата (ЕЗ) бр 1257/96 му додели мандат на GD ECHO да обезбеди итна помош и помош за жртвите на катастрофи предизвикани од природни непогоди или вооружен судир и надвор од ЕУ, давајќи им помош директно на оние кои се во неволја. GD ECHO ја спроведува својата мисија преку партнерски организации (невладини организации, агенции на ОН и членките на Меѓународното движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина).



Во 2014 година GD ECHO утврди нов пристап кон хуманитарното здравство со Упатството за хуманитарно здравство. Овој документ се состои од општи упатства за севкупниот пристап и специфични технички упатства. Овие упатства обезбедуваат основа за кохерентен пристап, поста¬вување на најдобрите практики и квалитет во обезбедувањето на хуманитарна здравје. Во текот на изминатата деценија GD ECHO одвојуваше околу 200 милиони евра за хуманитарно здравје на годишно ниво, кои изнесуваат од 20% до 30% од глобалните финансии за хуманитарна помош. Помошта во храна и безбедноста на храната за ранливото население е особено важна област на која ЕУ посветува посебно внимание. Определбата на ЕУ за ефикасна помош на хуманитарна храна е докажана преку својата заложба за спроведување на Конвенцијата за помош во храна (FAC), каде ЕУ е член од декември 2014 година. GD ECHO промовираше употреба на повеќе модалитети за да овозможи помош во храна со употребата на парични средства и ваучери. Најново на политиката за помош во храна е развојот на е-учење, а во него модули и документи со политики за изградба на безбедносна мрежа на социјална заштита и на интеграцијата во програмирање помош во храна. Политиката за исхрана продолжува да биде поддржана од силната посветеност на подобрување на ефикасноста. Помошта на ранливото население нема да биде ефективна и ефикасна во катастрофи предизвикани од природни непогоди и воени конфликти доколку не се почитува меѓународното хуманитарно право (МХП). ECHO продолжи со зајакнување на нејзината заложба за почитување на МХП, во

рамките на хуманитарната помош од ЕУ. Во таа смисла ЕУ продолжи да обезбедува финансиска поддршка за проекти за зајакнување на капацитетот на Меѓународниот комитет на Црвениот крст во процесот на спроведување обука и десиминација на МХП заради негово почитување во акциите за хуманитарна помош на терен. Пример: Комесарот на ЕУ за ЦЗ Кристалина Георгиева соопшти дека ја поздравува Резолуцијата 2139 Советот за безбедност на ОН, која се фокусира на хуманитарната пристап во Сирија и повика тој да биде преведен во акција на теренот. Комесарот, исто така, ја искористи можноста да се потврди дека сите страни во конфликтот треба да го почитуваат меѓународното хуманитарно право. Во текот на 2014 година Комисијата продолжи да се залага за целосна спроведувањето на одлуките во врска со хуманитарниот пристап и меѓународното хуманитарно право во Сирија во сите области на помош. GD ECHO последните години троши повеќе од 700 милиони евра годишно за финансирање на хуманитарни проекти и има два извори на средства: од општиот буџет на Европската комисија и Европскиот фонд за развој.

Во новата стратегија за помош на земјите во развој преку повеќе нови оперативни инструменти, во текот на периодот 2014-2020 година, се предвидени средства во вкупен износ од 51,4 милијарди евра. Со предвидените средства се планираат голем број на подобрувања кои претставуваат уште еден чекор во рационализација на инструменти за одговор при катастрофа. Некои од нив се однесуваат на функционирањето на постоечките инструменти, додека други се релевантни за развој на нови алатки. Се предлага да се: подобри капацитетот за одговор на Европската цивилна заштита, во врска со катастрофи како што се поплави и шумски пожари; развие MCI така што да може да ја исполни улогата на вистински оперативен центар за Европската цивилна заштита; креира мрежа од европско образование за одговор при катастрофи; подобрат мерките за подготвеност од катастрофа преку развој на системи за рано предупредување и користење на единствениот европски број за итни случаи „112“ и интензивира помошта за интеракцијата помеѓу земјите на ЈИЕ и системот на Европската цивилна заштита и др.

GD ECHO развива проактивна стратегија за комуникација заради обезбедување на отчетност и транспарентност, градење на разбирање, свест и поддршка меѓу граѓаните на ЕУ, носителите на одлуки и други заинтересирани




Како што е утврдено од страна на последователните истражувања на „Евробарометар“, активностите на ЕУ за хуманитарна помош, како и коор¬диниран пристап за одговор на катастрофи во и надвор од Европа, уживаат силна поддршка од граѓаните на ЕУ. Во понатамошниот развој на заштитата и спасувањето во ЕУ и понатаму клучна улога ќе имаат Комисијата преку GD ECHO

страни. Обезбедување на навремени информации за медиумите е важен приоритет, како што е проширувањето преку веб-базирани комуникациски и социјални медиуми. Понатамошно зајакнување на заедничката комуникација и пристап до бази на информации и развој на комуникациските активности со партнерските организации. За таа цел GD ECHO презема бројни кампањи, како на пример: Кампањата „Гласот на децата во итни случаи“ со UNICEF за зголемување на свест кај деца кои живеат во подрачја соочени со природни катастрофи, кризи со храна и вооружени конфликти. Кампањата „Правата кои одговараат“ со меѓународниот медицински корпус (MOC) на Велика Британија е во функција да го стави човекот како приоритет на заштита и спасување во случај на катастрофи. Кампањата „Прилагодливост на вестите при катастрофа“ со Меѓународната федерација на ЦК и ЦП и 12 европски Национални друштва на Црвениот крст кои имаат за цел да ја подигнат свеста кај европските граѓани за зголемената ранливост од катастрофи итн.
Согласно стратегија за комуникација, ECHO развива бројни пристапи за проактивно информирање на граѓаните за природните непогоди и други несреќи. Во таа смисла ја подобри својата веб-страница со модерен изглед, висок квалитет на содржина со дневни приказни од теренот и атрактивни визуелни карактеристики. На веб страната на GD ECHO постојано расте бројот на посетители. Социјалните медиуми се активно распоредени и се се побројни преку кои го информираат населението. За посети првенствено се користи: Фејсбук, Твитер, Фликр (фото) и Јутјуб (AV). Фејсбук се користи за да се поддржат сите кампањи за подигање на јавната свест. Твитер профилот преку твитер разговори, им овозможува на граѓаните и специфични целни групи директно да комуницираат со GD ECHO. Информации за катастрофата, заедно со обезбедување на клучните извадоци од важни хуманитарни настани дополнително ја зголемува привлечноста на страната на Твитер. Како дел од своите теренски активности, GD ECHO одржува на Фликр голема архива на слободни фотографии. Видео прегледи на интернет за бројни настани од катастрофи се користат од архивата на GD ECHO YouTube. GD ECHO исто така објавува информации и избор на анализи во печатени публикации со постепена промена во дигитален формат. GD ECHO редовно прима групи на посетители за да ги објасни активностите на ЕУ во областа на хуманитарна помош и цивилна заштита.

д-р Менде Солунчевски



## Осовременување на едукацијата и обуката

Едукацијата и обуката на членовите на ОРОРМ, што ќе се организира во соработка и со целосна логистичка поддршка на МО и ГШ на АРМ, претставува една од приоритетните активности во 2018 година. Според усвоената Програма за едукација и обука, планирани се голем број на содржини во функција на проширување на знаењата од сферата на одбраната, како значајна општествена област и усовршување на вештините во ракувањето со оружјето и опремата со која располага АРМ. Ќе спомeнеме некои од позначајните во кои е планирано да бидат опфатени околу 2.500 резервни офицери и подофицери. Во 10 ООЕ на ОРОРМ ќе се организираат трибини на кои ќе се обработат две актуелни теми („Предизвикот и опасностите од мигрантската криза како можен предизвикувачки фактор за нестабилноста на Р.Македонија" и „75 години од формирањето на македонските баталјони во 1943 година"). Во практичниот дел на обуката, на стрелиштето „Долно Оризари" ќе се реализира традиционалниот државен натпревар во гаѓање со пиштол 7,62 мм. Во Кичево на стрелишптето „Осој" и во Велес ќе се оргнизираат гаѓања со АП 7,62 мм, а на стрелиштето „Петровец" гаѓање со снајперска пушка 7,9 мм. Секцијата на резервни офицери – медицинари, во Неготино ќе организира показна вежба во давање прва помош. Планирани се два регионални маршеви. Во 11 ООЕ на ОРОРМ ќе се организираат локални маршеви во функција на проверка на психофизичката подготвеност и обновување на знаењата од топографска ориентација. Од областа на меѓународната и билатерална соработка, значајно е да се одбележат: учеството на Летниот конгрес на ЦИОР, на Јазичната академија, посетата на општинските организации на резервните офицери на Домжале и Марибор (Р.Словенија) и Краљево (Р.Србија), како и учеството на натпревари во гаѓање во Р.Албанија и Р.Бугарија.



## Отчет за оствареното

На седницата на Собранието на ОРОРМ, што се одржа во Велес, во фокусот на вниманието беа повеќе значајни прашања, меѓу кои, посебно внимание му беше дадено на Извештајот за работата во 2017 година. Во работата, покрај членовите на Собранието, учествуваа и претседателите на ООЕ, членовите на Надзорниот одбор, претседателите на комисиите и претседателите на секциите на резервните офицери, но и повеќе гости, меѓу кои на: ЦУК, ДЗС, КОД, Воената академија, Одделението за одбрана и локалната самоуправа. Во извештајот што го презентира претседателот на ОРОРМ, проф.д-р Ѓорѓи Малковски, беше оценето дека во 2017 година се остварени респективни резултати во сите области од функционирањето на Организацијата, што се должи пред се на мошне успешната соработка и целосна логистичка поддршка на МО и ГШ на АРМ, како и на одговорниот однос на раководствата на ООЕ и на Извршниот одбор на ОРОРМ. Во Извештајот се нагласува дека на гаѓањата со пешадиско оружје биле вклучени 350 учесници, на кондиционо-едукативните маршеви 700, на трибини 200, на спортски натпревари 300, на меѓународни активности 100 и на активности од областа на слободарските традиции 1.400. Во вкупните реализирани содржини планирани со програмата на ОРОРМ во 2017 година, биле непосредно вклучени над 3.000 резервни офицери и подофицери и тоа врз волонтерска основа. На оваа отчетна седница е усвоена Програма за едукација и обука на членовите на ОРОРМ за 2019 година, а беше промовиран и 19 број на „Офицер".Во текот на престојот во градот на Гемиџиите, учесниците на седницата на Собранието го посетија Народниот музеј на Велес каде што ја разгледаа етнолошката поставка.



## Кондиционо-едукативен марш

Практичните содржини во обучувањето постојано се во фокусот на вниманието на Општинската организациона единица (ООЕ) на ОРОРМ Битола, со која раководи резервниот капетан Оливер Митевски. Потврда на ваквата констатација е и неодамна организираниот кондиционо-едукативен марш „Сливница 2017" во Преспанскиот регион, во околината на с.Сливница. Маршот на кој учествуваа 40-ина резервни офицери и подофоцери од ООЕ на ОРОРМ Битола и претставници на Месната заедница од с.Цапари, имаше за цел проверка на нивната психофизичка подготвеност и обновување на знаењата од топографска ориентација. Во отежнати временски услови, оваа практична обука се реализира на релацијата: с.Сливница-манастир „Св. Богородица", во должина од 9 км. Согласно со Програмата за оваа еднодневна активност, беа осмислени две работни содржини. Во с.Сливница, резервниот мајор Васко Ефтимовски, со помош на бусола и топографска карта, изврши географска и топографска ориентација, а во манастирот „Св.Богородица", за историјата и значењето на ова духовно светилиште од 19.век, учесниците на маршот ги информира Ацо Наумов.

Живко Трајановски



# Бели мантили, чинови и хуманизам

## Во чест на 21 декември, Ден на Военомедицинскиот центар

ВМЦ во својата формациска субординација е дел од БРЛП. Комплексноста на логистиката во системот на АРМ ја поместува оваа единица во нејзините најфреквентни делови, базирана на нејзината содржинска неопходност и често пати итност, како единица која комплетно се грижи за здравјето на сите вработени во АРМ и МО.
Со нашето редакциско присуство на овој настан, успеавме и овој пат да прибележиме детали од истиот и низ неколку реда во „ Штит“ да им посакаме на припадниците на ВМЦ успеси и во понатамошните предизвици со кои до сега од сите надлежни слушнавме дека беспрекорно се носат. Во тој правец и командантот на БРЛП, полковник Цветко Јаневски од говорницата во своето кратко обраќање ги посочи спецификите на оваа единица и посебно ја апострофираше хуманата димензија на истата.
Со ВМЦ денес командува една храбра жена. Полковник, Ирена Минева, е командантот кој ги води храбрите наши воени медицинари во реализација на предвидените задачи и цели. Студениот воздух кој што тој ден струеше од североисточната страна на зградата на БРЛП кај што ВМЦ ја организираше свеченоста, беше додатна мотивација, полковник Минева отсечно да го одржи своето обраќање пред построените вработени. Таа поентираше и кажа дека ВМЦ е неделив дел од секојдневието на АРМ, чија мисија е зачувување на здравјето на нејзините припадници и на тој начин важна во одржувањето на борбената готовност. На истата свеченост беа прочитани унапредувања и стимулативни меркиа со посебна емоција им се дадоа признанија и на поранешни, сега веќе пензионирани припадници на ВМЦ кои оставиле силна трага со своето работење во системот на истата.
Високите гости од Генералштабот на АРМ и команданти на други армиски единици ја проследија оваа свеченост за да од официјалните бидат повикани на коктел и убав збор во холот на зградата на командата на БРЛП.
На сите припадници на ВМЦ со овој краток запис им го честитаме денот и Новогодишните и Божиќни празници и им посакуваме успеси во понатамошното работење. „Штит“ секогаш и секаде ќе ја следи нивната хумана мисија.

Митко Василевски

21 декември е ден на кој е отворена највисоката Военомедицинска установа во редовите на АРМ - Военомедицинскиот центар и тој датум со одлука на Претседателот на државата Република Македонија и официјално е ден на единицата






# „1989: ГОДИНАТА КОЈА ГО ПРОМЕНИ СВЕТОТ“

## Берлинскиот ѕид 1961 - 1989 година

Советското несогласување со плановите за реконструкција, кои поствоената Германија би ја направиле самостојна, ги зголемува тензиите помеѓу воените сили. Така, во обид да ги присилат сојузниците да заминат од Западен Берлин во 1947 година, Советите го блокираат пристапот до градот. Сојузниците одговараат со испраќање на огромна помош во храна и други артикли до Западен Берлин, што на крајот ќе се покаже како доста успешна реакција. Така, додека се очекуваше Советите да се откажат и повторно да го отворат пристапот до градот, стана очигледно дека повторното обединување на Истокот и Западот е само сон, и дека секој дел

Веднаш по завршувањето на Втората светска војна, на светот му стана јасно дека Берлин ќе стане епицентар на нова идеолошка борба помеѓу капитализмот и комунизмот. Градот Берлин беше поделен на четири окупациски зони и тоа една администрирана од Советскиот Сојуз и 3 други под контрола на демократските сојузници на САД, Франција и Велика Британија

од поделените зони ќе биде поделен на два посебни ентитети: Германската Демократска Република и Сојузна Република Германија.Како што се интензивираше Студената војна, така се интензивираше и вербалната војна меѓу лидерите на демократскиот свет и комунистичкиот блок. Многу генерации, познати личност, од верски лидери до американски претседатели, го сфатија значењето на ѕидот како физичко претставување на Студената војна. Притоа е јасно дека сè додека постои Берлинскиот ѕид, светот ќе остане поделен.
Меѓутоа, кон крајот на 1980-тите, силата на комунизмот почна да се намалува. Во Советскиот Сојуз и во другите земји од варшавскиот блок,



слабите економии и влошувањето на животните услови почнуваат да генирираат немири помеѓу населението. Во 1987 година, генералниот секретар на СССР Михаил Горбачов воведува „Перестројка“, со која се обидува да ги либерализира економските и политичките ограничувања. Горбачов се надева дека ќе ја олесни економската ситуација, но наместо тоа, немирите прераснуваат во востание, а народот во земјите со комунистички систем на уредување почнува да бара избори и потполна независност од советскиот систем. На 23 август 1989 година, унгарската полиција започнува да ја трга оградата долж границата кон Австрија. Тогаш, илјадници источногермански бегалци почнуват да се пробиваат низ овој „процеп“ во железната завеса. Источногерманската влада се обидува да ги задржи своите граѓани во рамките на социјалистичкиот кампус, не дозволувајќи патувања до соседните сојузници. Но, брановите на бегалците не стивнуваат. Напротив, и покрај напорите на државата, сè поголем број граѓани од Источна Германија се обидуваат да стигнат до Запад. А, протестите во земјата постојано растат. Откако кон крајот на октомври 1989 година,генералниот секретар Ерих Хонекер се повлекува од функција, новиот премиер на ГДР, Егон Кренц, планира да дозволи патување меѓу Источна и Западна Германија и тоа почнувајќи од 17 ноември. Но, поради грешка во соопштението за печатот на министерот за пропаганди, Шабовски, на 9 ноември а во врска со укинувањето на ограничувањата за патување, надуениот балон на режимот конечно пука. Шабовски ја објавува веста дека новите закони за патување се ефективни, потполно несвесен дека тие воопшто и не биле стапени на сила. Но, откако граѓаните на ГДР го слушнеле соопштението на телевизија, илјадници се упатуват кон контролните пунктови каде очекуваат да наидат на отворен ѕид. Така најпосле режимот се покори пред јавноста, а полиција на ГДР ги отвора портите. Во следните недели и месеци, ѕидот полека, но сигурно се урива. Обидите на безбедносните сили на Источна Германија да ги поправат дупките се без успех. Денес, само одбележани линии на калдрмата долж поранешните локации каде беше ѕидот се сведоци на истпоријата на поделениот град. Падот на Берлинскиот ѕид го означува не само крајот на Студената војна, туку и повторното обединување на Германија.



## 1989 – клучни настани

**6 февруари:** Забранетиот полски синдикат „Солидарност“, по неколкугодишните борби, штрајкови и владино угнетување, седнува на тркалезната преговарачка маса заедно со полската влада на Комунистичката партија, предводена од генералот Војчих Јарузелски. Овие преговори ќе овозможат „Солидарност“ да ја споделува парламентарната власт. За движењето, тоа е кулминација на една децениска борба за работничките права, економска отвореност и лична слобода. На Владата на генерал Јарузелски ѝ станува јасно дека единствениот начин да се решат проблемите со кои се соочува државата е да соработува со „Солидарност“. Ако „Солидарност“ соработува со Владата, на нејзините претставници ќе им биде дозволено да се кандидираат за парламентарните избори. За Јарузески, тоа е очајна коцкарска игра за да остане на власт. Но на крај ќе биде доживува неуспех. Неколку месеци подоцна, владата на Јарузески се менува, а Лех Валенса станува претседател на нова, демократска Полска.

**4-ти јуни:** После скоро 4 месеци на тензични преговори меѓу Полското движење за солидарност и полската комунистичка Влада конечно е договорено и Полјаците гласаат на првите отворени избори во Полска после речиси 40 години. Притоа, пред изборите на 4-ти јуни, двете страни постигнуваат договор. На „Солидарност“ му е дозволено да се кандидира за избори во новосоздадениот Сенат и му е дадена една третина од местата во долниот дом на парламентот.

**10-ти септември:** Сцената околу привремените бегалски кампови што почна да се случува во Будимпешта беше надреална. Луѓето се радуваат, се гушкаат, свиркаат со своите



коли додека го напуштаат градот. Претходно, во текот на истиот ден, унгарскиот министер за надворешни работи објавува дека од полноќ илјадници источногермански бегалци кои престојуваат во Будимпешта се слободни да заминат поради неодамна отворената граница со Австрија. Најмалку 7.000 бегалци од Источна Германија заминуваат во Будимпешта. Повеќето се во можност да пристигнат во градот како „туристи“, кои откако пристигнувале, веднаш ги објавувале своите намери да бараат азил во Западногерманската амбасада или да патуваат на Запад. Одлуката официјално да им овозможи на бегалците да ја напуштат земјата е всушност првото несогласување во релативно заедничките политики на Варшавскиот блок. Никогаш порано ниедна од државите во рамките на блокот нема отворено отстапено од консензусот дека на граѓаните под комунистичко владеење не треба да им биде дозволено да го напуштат истокот. Источните власти, особено Источна Германија, се бесни поради одлуката. Но, нивните обвинувања и протести во голема мера се игнорирани од страна на унгарската Влада. Унгарија ќе ги почитува човековите права на луѓето во рамките на нејзините граници.

**28 октомври:** На 71-годишнината од независноста на Чехословачка од 1918 година, на плоштадот „Вацлав“ во Прага се одржуваат масовни протести. Стотици илјади Чеси протестираат против комунистичката Влада на Чехословачка.

**10 ноември:** На овој ден Бугарија ќе докаже дека дури и најтешките комунистички лидери не се имуни на револуционерните промени што се шират низ Европа. Лидерот на Комунистичката партија, Тодор Живков, кој цврсто владее со Бугарија поднесува оставка поселе речиси 34 години.

**17 декември:** Крвавото сузбивање на демонстрантите во западниот град Темишвар ќе ескалира во хаос низ Романија. Романските безбедносни сили влегуваат во градот за да го „тргнат“ Лазло Токес, пастор во Реформираната црква, кој треба да биде прогонет од Темишвар поради неговите отворени ставови за човековите права и третманот на унгарското малцинство во Романија.

**2 мај:** Државите од Варшавскиот блок на Источна Германија, Чехословачка и Романија се во состојба на страв и бес. Народна Република Унгарија ја донесува одлуката за отстранување на бодликава жица и електричните огради кои ја опколуваат западната граница на земјата со Австрија.

**23 август:** Има протест кој е поинаков од многумината претходно видени во Варшавскиот блок за време на револуционерните месеци во 1989 година. Два милиони граѓани од балтичките држави од Естонија, Латвија и Литванија ги поврзуваат рацете и формираат човечки ланец кој се протега повеќе од 400 милји. Бескрајната линија на луѓе служи како симбол на



балтичкото единство и протест против советското угнетување.

**7 октомври:** Советскиот лидер Михаел Горбачов пристига во Источна Германија за да ја прослави 40-годишнината од германската Демократска Република. Но тоа се прослави кои се случуваат во едно бурно време за Истокот. Имено, претходното лето илјадници Источногерманци бегаат од земјата, а многумина патуваат низ Унгарија со цел додека се „на одмор“ да избегаат низ отворената унгарска граница со Австрија. Други пак се обидуваат да влезат во амбасадите на Западна Германија со цел да побараат азил. На многу железнички станици владее хаос, а голем број граѓани се обидуваат да се качат на возовите упатени кон Унгарија. Во градовите на Истокот, немирите доведуваат до тотален протест против комунистичкиот режим, а масовни демонстрации избиваат во градовите како Дрезден, Лајпциг и Берлин.

**9 ноември:** Министерот за пропаганда на Источна Германија, Гинтер Шабовски, се појавува на телевизија и дава соопштение кое предизвикува различни емоции во земјата. Содржина на соопштението: „Сите Источни Германци се слободни да патуваат на Запад, ефективно веднаш“. За само неколку часа стражарите стационирани на контролните пунктови околу Берлинскиот ѕид се преплавени со илјадници луѓе кои се обидуваат да влезат во Западен Берлин. Се случуваат спонтани прослави додека Источните Берлинци се обединуваат со своите најблиски и пријателите на Запад. Следниот ден, булдожерите почнуват да ги демонтираат големите делови од ѕидот, додека се повеќе и повеќе Источногерманци ја преплавуваат границата. Надвор од градот се интензивира масовен егзодус на Источните Германци а околу 9.000 граѓани дневно бегаат низ Чехословачка и другите соседни земји.

**24 ноември:** На плоштадот „Вацлав“ во Прага се случуваат спонтани прослави. Околу 200.000 луѓе се собираат откако ја слушнале веста дека владејачкото Политбиро на комунистичката Влада на Чехословачка се повлекува од власт. Ова е постигната победа после еднонеделниот студентски протест против владата познат како „Кадифена револуција“. Протестите во Прага се одбележани со водство на личности како што се Вацлав Хавел, основачот на опозицискиот Граѓански форум и Александар Дубчек, кој ја предводи Прашката пролет од 1968 година, пред советската интервенција да го задуши револтот и да го затвори Дубчек. Пред оставката на Политбирото, Дубчек дава незаборавен говор заедно со Хавел во кој тој ја повикува земјата да се сврти кон „социјализмот со човечко лице“.



Во периодот помеѓу 1945 и 1961 година, повеќе од 3,5 милиони Источногерманци, вклучувајќи и многу академици, инженери, професори и квалификувани работници бегаат на Запад притоа многумина поминуваат низ Западен Берлин. Тие се обидуваат да избегаат од советскиот систем и да уживаат во економското закрепнување што го доживува Западот. Но, Советите му ставаат крај на тоа во 1961 година. По наредба на шефот на ГДР, Волтер Улбрихт, и со одобрение на советскиот премиер Никита Хрушчев, владата на Источна Германија подига ѕид за да ги одвои Истокот и Западот. Во текот на следните 28 години, овој „Берлински ѕид“ ќе ги одвои луѓето од своите најблиски и ќе остане симбол на угнетување и прогон




Тогаш, станува јасно дека деновите на комунистичката влада се нумерирани. Се формира ново Политбиро, но неговата улога во владата ќе биде незабележлива во споредба со растечкото влијание на движењето Граѓански форум.

**25 декември:** Егзекуцијата на романскиот претседател Николае Чаушеску е кулминација на крвавата револуција што ја зафаќа Романија откако на 17 декември безбедносните сили отвораат оган врз демонстрантите во градот Тимасоара. Чаушеску е прогласен за виновен и погубен во набрзина организиран судски процес од страна на Советот за национално спасение односно привремената влада составена од поранешни високи комунистички функционери, кои наредуваат Чаушеску да биде уапсен додека се обидувал да избега од главниот град Букурешт. Пред неговото убиство,неговите напорит брутално да се сузбие востанието се критикувани и осудени од скоро секоја држава во светот. Улиците на Букурешт се полни со тенкови, а Чаушеску наредува да се убие секој кој што отворено се побунил против владата. Границите на Романија се затворени, па кон надворешниот свет не можат да стигнат информации за случувањата во државата. Додека ја напуштал земјата за да оствари официјална државна посета на Иран Чаушеску бил убеден дека протестите се уништени. Но, по неговото враќање, тој се шокира кога дознава дека не само што се зголемило противењето на неговото владеење, туку дека и армијата веќе била на страна на народот. Шансите на неговата влада да ја преживее революцијата ќе умрат заедно со Чаушеску. Доаѓа и Божик, Чаушеску го нема и започнува нова ера во Романија.

м-р Билјана Поповска



# Началници на Генералштабот на АРМ

# Генерал-потполковник **МЕТОДИ СТАМБОЛИСКИ**

## Шести НГШ на АРМ (19.9.2991-12.3.2004)

Генералот Методи Стамболиски во родниот град Берово го заврши гимназиско образование во гимназијата „Дедо Иљо Малешевски“ во 1966 година. Потоа се определува за воена кариера и ја завршува Воената академија на КОВ на ЈНА насока на артилерија во 1973 во Белград, Командно-штабната академија на на ЈНА 1985, ШНО во Белград во 1990г.
Така Стамболиски од командант на артилериски вод, станува командант на артилериски полк во ЈНА. Тој во својата војничка кариера натаму бил: началник за управување со операции во ГШ на АРМ, командант на 3. армиски корпус (1995 година), командант на 2. армиски корпус (1996 година), командант на Граничната бригада (1998 година), началник на Г-3 во ГШ на АРМ, началник на ГШ на АРМ во периодот од 19.09.2001 – 12.03.2004г.
По формирањето на АРМ, тој е поставен за началник на Оперативно одделение во управата на ОНР и б/г во ГШ на АРМ-гарнизон Скопје. По ова со Указ бр. 3 од 27.12.1994г., на Претседателот на РМ се поставува по мирновременска и воена формација во 3. АК на АРМ во Скопје. (Службен весник на РМ. Бр. 70 од 31.12.1994г.).
Две години потоа со Указ на претседателот на РМ, бр. 17 од 9.7.1996г., полковникот Методи Стамболиски дотогаш командант на 3.АК, се поставува за командант на 2.АК во Битола. (Службен весник на РМ, бр. 35 од 15.7.1996г.)
Со нов Указ бр. 23 од 15.8.1997г., на Претседатателот на РМ, полковникот Методи Стамболиски е унапреден во чин бригаден-генерал. (Службен весник на РМ, бр. 42 од 22.8.1997г.)
Тој на 11 февруари истата година беше поставен за командант на Граничната бригада, а подоцна унапреден во генерал-мајор.
Со Указ на претседателот на РМ бр. 7 од 11.2.2000г, бригадниот- генерал Методи Стамболиски дотогашен командант на 2. АК, се поставува за командант на 8. Гранична бригада. (Службен весник на РМ, бр. 13 од 21.2. 2000г.)
Со Указ бр. 11 од 17.8.2000г на Претседателот на РМ, бригадниот генерал Методи Стамболиски дотогаш командант на 8. Гранична бригада се унапредува во чин генерал-мајор. (Службен весник на РМ, бр. 68 од 22.8.2000г.)
Со нов Указ на Претседателот на РМ, бр. 28 од 17.8.2000г., дотогашниот генерал-мајор на 8. гранична бригада „А“, се поставува по мирновременска и воена формација за Г-3 началник за операции готовност и обука, планирање и вежби, доктрина, модернизација и меѓуармиска соработка во ГШ на АРМ (Службен весник на РМ, бр. 18, од 22.8.2000г.) Скоро година дена потоа со Указ на претседателот на РМ, бр. 29 од 18.6.2001г., дотогашниот Г-3 началник за операции, во ГШ на

Генералот Методи Стамболиски е шести по редослед НГШ на АРМ Бил началник на ГШ на АРМ од 19.9.2001г. до 12.3.2004г.





Во 2002 година АРМ прв пат учествува надвор РМ со своја единица. во рамките на НАТО-предводената мисија ИСАФ во Авганистан. Во мај 2003г. Владата на Република Македонија направи Стратегиски одбранбен преглед, што резултираше со усвојувањето на нова државна стратегија за безбедност, односно Национална концепција за безбедност и одбрана, како и Политичка рамка. Во јуни АРМ започна со учество во мисијата во Ирак – „Слобода за Ирак". Македонското Собрание ја усвои Националната концепција за безбедност и одбрана



АРМ, се поставува по мирновременска и воена формација за заменик на НГШ на АРМ генерал-мајорот Методи Стамболиски. (Службен весник на РМ, бр. 29 од 18.6.2001г.)

Повторно една година потоа со Указ бр. 36 од 11.7.2001г.на претседателот на РМ, генерал-мајор Методи Стамболиски сега заменик НГШ на АРМ, се унапредува во чин генерал-потполковник. (Службен весник на РМ, бр.53 од 12.7.2001г.) Два месеци потоа со Указ на претседателот на РМ, бр. 39 од 17.9.2001г., дотогашниот заменик на НГШАРМ, се поставува по мирновременска и воена формација за началник на ГШАРМ генерал-потполковникот Методи Стамболиски. (Службен весник на РМ, бр. 75 од 19.9.2001г.)

За време на неговиот мандат како НГШ на АРМ позначајни се следните настани:

Во 2002 година АРМ прв пат учествува надвор РМ со своја единица. во рамките на НАТО-предводената мисија ИСАФ во Авганистан.

Во 2003г.,: Во мај владата на Република Македонија направи Стратегиски одбранбен преглед, што резултираше со усвојувањето на нова државна стратегија за безбедност односно Национална концепција за безбедност и одбрана, како и Политичка рамка. Во јуни АРМ започна со учество во мисијата во Ирак – "Слобода за Ирак". Македонското Собрание ја усвои Националната концепција за безбедност и одбрана, важен стратешки документ за безбедносниот сектор со кој се дефинираат заканите, стратешките интереси и вредностите на македонската безбедност. Во текот на годината се одвиваше трансформација на командата на 1.корпус во команда на КоВ. Како дел на трансформацијата извршено е гасење и расформираење на повеќе единици. Логистичкиот наставен центар од 01.04.2003 година започна да функционира по новата поставеност.

Во 2004г.,: АРМ учествува во мисиите „Слобода за Ирак" во Ирак и ИСАФ во Авганистан. Врховниот командант на ВС и Претседателот на Република Македонија, Борис Трајковски, загина во авионска несреќа во Босна на 27. февруари.

На 12 март се изврши примопредавање на должноста Началник на генералштаб на АРМ. Должноста НГШ на АРМ ја прими генерал – мајор Ѓорѓи Бојаџиев од генерал Методи Стамболиски.

Во меѓувреме со Указ бр. 73 од 11.8.2003г., на Претседателот на РМ, актуелниот НГШАРМ, генерал-потполковник Методи Стамболиски е унапреден во во највисокиот чин во АРМ-генерал. (Службен весник на РМ бр.53 од 11.8.2003г.) Претседателот Трајковски, како врховен командант на вооружените сили, го потпиша Указот во црквата „Рождество на Пресвета Богородица" во Калиште, Струшко, каде што присуствуваше на нејзиното осветување.

Со Указ на претседателот на РМ бр. 81 од 12.3.2004г., дотогашниот НГШ на АРМ, генерал Методи Стамболиски се разршува од функцијата НГШ на АРМ. (Службен весник на РМ, бр. 14 од 16.3.2004г.).

Со Указ на Претседателот на РМ, бр. 85 од 12.3.2004г., генерал-потполковник Методија Стамболиски се поставува за советник за воени прашања на претседателот на РМ. (Службен весник на РМ бр. 14 од 16.3.2004г.) Една година потоа со Указ на претседателот на РМ бр. 7 од 6.7.2005г., генерал Методија Стамболиски се разрешува од должноста советник за воени прашања на претсдателот на РМ. (Службен весник на РМ бр. 54 од 7.7.2005г.) и ќе замине во пензија.

Генералот Методи Стамболсики во текот на својата кариера е одликуван со: „Медал за воени заслуги", „Орден на Народна армија со сребрена ѕвезда", „Орден за воени заслуги со сребрени мечеви", „Орден за воени заслуги со златни мечеви". Исто така има добиено поголем број писмени пофалби и благодарници.

Генерал во пензија Борис Стојаноски
Проф. д-р Марјан Димитријевски




# „Фалсификатори"

Австрискиот филм „Фалсификатори" на Стефан Рузовицки прави осврт на фасцинантен фрагмент од Втората светска војна кој разоткрива една поинаква методологија и техники на ослабнување на непријателот. Приказната припаѓа на оној помалку познат дел од историјата и е базирана на познати факти за неколкугодишната тајна операција „Бернхард", спроведена со директно одобрување од Адолф Хитлер, која всушност претставува најголемата фалсификаторска измама во светот досега. Во „Фалсификатори" не само што се запознаваме со детали за текот на оваа операција, туку филмот оди и чекор подлабоко поставувајќи непријатни прашања поврзани за моралот и преживувањето.

## Нечиста професија која значи живот

Занимлив, интригантен, динамичен, информативен, но, и трагичен се епитети кои заедно затвораат некоја не пластична, туку искуствена дефиниција за овој „оскаровец". Тематски, филмот ни ја раскажува приказната за „Операцијата Бернхард" преку која Нацистите прават обид да фалсификуваат голема количина на британски фунти и американски долари, да ги пуштат во оптек и на тој начин да предизвикаат колапс на двете моќни економии како тактика за ослабнување и поразување на непријателот. Временски, „Фалсификатори" се концентрира на втората фаза од оваа повеќегодишна операција, во која главната улога ја имаат неколкумина еврејски затвореници, вешти во сликарско-графички и печатарски техники, чија задача е да ја спроведат оваа задача во замена за слободата. Еден од нив, главниот протагонист, е Саломон Сорович (Karl Markovics), човек со богато искуство во фалсификаторските игри, „професија" која пред војната, долго време му обезбедувала богат и удобен живот, сè додека еден ден не е фатен и уапсен од страна на Гестапо и одведен во концентрационен логор. Таму, неговата вештина во сликање е брзо забележана од страна на нацистичките чувари, па повторно, овој човек успева да си го расчисти патот кон подобар живот, на тој начин што изработува портрети за нацистите во замена за привилегии во затворот. Гласот за неговото реномè брзо патува и Сорович е преместен во друг логор, заедно со други Евреи кои се мајстори во графичката индустрија – гравери, сликари, печатари, каде се запознаваат со операцијата и се принудени да бидат дел од неа. Изработка на совршени фалсификати во замена за слободата – ова им е понудено на затворениците, а на спротивната страна на вагата – изборот е смрт.

## Колку далеку ќе оди човек за да преживее?









Иако сите прифаќаат да влезат во играта на фалсификувањето на банкноти, најмогу затоа што реален избор и немаат, кај многумина од затворениците се отвораат морални дилеми.И да преживеат, како би можеле да живеат со себе и со совеста? Како би можеле да соработуваат и да му помагаат на некој кој е виновен за смртта на нивните најблиски и кој им ја одземал слободата? Оваа дилема кај Сорович не постои бидејќи тој е човек кој цел живот учел да влече корист од ситуациите. Неговото животно мото отсекогаш било „зашто да цртам уметнички слики за пари, кога можам да ги нацртам самите пари“... За разлика од него, Ложек, на пример, и по конечно вкусување на слободата, не може да избега од сопствена одговорност и вина која ја чувствува, па решава да го прекине сопствениот живот, на еден начин, никогаш не напуштајќи го логорот. Бургер, пак, постојано ја саботира целата операција, ја одолговлекува, измислува различни изговори за лошиот квалитет на фалсификатите иако многу добро знае каде е грешката на примероците.Но, на тој начин го скратува трпението на германските офицери кои веќе не се закануваат со казни, туку со егзекуција. Оваа мала екипа на фалсификатори, иако навидум би требало да се држат заедно, не се отпорни на раздорот од несогласувањата. Сепак, никој не се одлучува на предавство на своите пријатели, иако тоа се појавува како искушение во неколку критични моменти.

Евидентна е збунетоста на сите затвореници во мементот кога во логорот влегува ослободителната сојузничка војска. Овие луѓе толку загубиле од човечноста што не можат да го апсолвираат фактот дека слободата е пред прагот. Овој ешалон на „привилегирани Евреи“ за нацистите, кои имале круцијално значење на операцијата и биле важни за Германците, се чувани во посебни затворски простории, каде имаат почиста облека, можност за туширање, кревети со чаршафи. Изолирани од другите затвореници во кампот, тие самите создаваат некоја ментална блокада, лажејќи се себеси дека и другите затвореници се третирани исто како нив, иако постојано ги слушаат истрелите кои одземаат,еден по еден, човечки живот. Кога слободата ќе дојде, и барикадата помеѓу нив ќе падне, при соочувањето, евидентна е разликата помеѓу едните и другите, дотолку што оние, веќе полумртви Евреи, не им веруваат на фалсификаторите дека не се Германци, туку се на иста страна и ги гледаат со непријателство и резерва.



## Горчината на слободата

Слободата на човекот е негова најголема вредност. Без неа, нема ништо. Во драмата на Рузовицки, гледаме како главните протагонисти се менуваат кога нивните животи се ставени во рацете на некој друг. Освен затворениците, односно, еврејските протагонисти, успеваме да ѕирнеме и во психологијата на офицерите, каде режисерот создава две категории – „добри“ и лоши. Посебно ироничен и горчлив момент е кога затворениците успеваат да направат совршен дупликат на фунтите кој поминува без сомнеж кај банкарските експерти, па нацистите одлучуваат да ги наградат за успехот – подарувајќи им пинг-понг маса за да се забавуваат. Лишени од слобода, малтретирани и под секојдневни закони, третирани без достоинство и почит, изгладнувани - тие добиваат пинг-понг маса за награда. Нивните ликови кога пред нив е откриен подарокот ја откриваат киселоста на нивните души и целата горчина на ова што навидум изгледа како лоша шега. Но, лицата на офицерите, од друга страна, зборуваат друго, како на нив да има искрена верба дека тоа навистина е нешто на кое би требало да се радуваат. Оваа фалсификаторска измама која важи за најголема во историјата, имала цел да пушти само во Британија во оптек 30 милијарди фунти, што во тој момент било четирипати повеќе од банкарските резерви на островската земја. Иако техниката на фалсификување на доларот била доведена до совршенство, нацистите немале време да ги изработат фалсификуваните банкноти, бидејќи започнува сојузничката опсада на Берлин и поразот веќе им бил пред порти. Според тоа, оваа операција е успешна поради исполнувањето на најважните услови за успех, но неуспешна бидејќи не стигнала да се имплеменира. Филмот на Стефан Рузовицки има прекрасна нарација, сценарио, актерска екипа, а интересно е што и визуелната реализација е направена во стил по кој тешко може да се претпостави дека станува збор за продукција од 2008 година, туку многу порано од тоа.Целокупно гледано, станува збор за навистина убаво избалансирано, интересно и солидно изработено филмско парче.

Елена Ѓорѓиевска



**Режија:** Stefan Ruzowitsky

**Сценарио:** Adolf Burger, Stefan Ruzowitsky

**Улоги:** Karl Markovitcs, August Diehl, DevidStriesow, Sebastian Urzendowsky

**Музика:**Marius Ruhland

**Земја:** Австрија/ Германија

**Година:** 2008

**Награди:** „Оскар“ за најдобар филм од неанглиско говорно подрачје, „Златен Пегаз“ за најдобра режија, номинација за „Златна мечка“ во Берлин за најдобар главен актер и др.



# „Цоцев Камен“ - праисториска мегалитска

Локалитетот „Цоцев Камен“, кој се наоѓа 15 km западно од Кратово, е прогласен за софистицирана праисториска мегалитска опсерваторија од страна на Националниот центар за научни истражувања во Франција.

„Цоцев Камен“ е вулканска карпа која во праисторијата се користела како мегалитска опсерваторија. Самата карпа се издвојува од околните ридишта е интересна сама по себе. Видливи се и остатоци од човечка обработка. На стотина метри источно од „Цоцев Камен“ се наоѓаат мегалити кои служеле како Сончеви и Месечеви нишани. На врвот на карпата се наоѓа престол свртен на исток кон нишаните, од каде што може да се следи во која точка изгрева Сонцето и Месечината и според тоа да се формира Сончев календар.

Локалитетот е изложен на ветер, на сонце и на атмосферски падежи. Најверојатно тоа е причината што не се живеело во – туку околу него, додека самата локација се употребувала повремено од страна на жителите во праисторијата, а постои веројатност тоа да се случувало и во подоцнежните периоди. Сепак, во одредени делови, како процепи на карпите или места обраснати со вегетација, се уште може да се пронајдат керамички фрагменти со најразлична старост.

Каменот се состои од влезна порта, низа пештери кои служеле како ритуални комори, некои поставени една над друга со базени кои служеле за собирање на течност, вода или вино, која потоа преку отвор се испуштала во ритуалната комора. Карпата е обрасната со дива винова лоза и има вдлабнатини исклесани долж карпите кои служат како скалила.

На врвот се наоѓа плато со ритуални елементи, а под него стои карпа на која има квадратеста вдлабнатина од некој остранет елемент од претходно, кој можно е да бил приказ на некој архаичен симбол или лик на божество. Карпата содржи и комори со гравури кои наликуваат на древни симболи.

Покрај тоа што е археолошки комплекс, Цоцев Камен е исто така и туристичка атракција која ја посетуваат туристите од Македонија и од светот. Патот до таму е питом и може да се стигне со возило, но самата карпа е прилично опасна за искачување доколку немате кондиција или базични алпинистички искуства.

„Цо¬цев Камен“, останал да сведочи за една жива активност на човекот во минатото и неговата исконска поврзаност со природата.

Кристина Илиевска

Убавините
на Македонија



# опсерваторија













